2026.
ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ

Год. 102, бр. 3

Библиски лекции



# Да одиме со Исус

Поблизок однос со Бога
преку книгата „Патот кон Христа“.

# Содржина:

САБОТНА ШКОЛА


1. Божјата љубов кон човекот ..... 5
2. Потребата на грешникот од Христос ..... 10
3. Покајание ..... 15
4. Признавање ..... 20
5. Посветување ..... 26
6. Вера и прифаќање ..... 31
7. Испитот на учеништвото ..... 36
8. Растење во Христа ..... 41
9. Делото и животот ..... 46
10. Познавање на Бога ..... 52
11. Предноста на молитвата ..... 57
12. Што да правиме со сомнежот? ..... 62
13. Радост во Господа ..... 67


**Библиските лекции** претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото слово, засновано исклучиво на Библијата и Духот на пророштвото, без дополнителни коментари. Цитатите се што е можно пократки за да се обезбедат концизни и директни одговори. Зборовите во заграда ( ) се додадени за полесно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на изворните материјали е мошне препорачливо.


Издавач: Seventh Day Adventist Reform Movement, General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019-5048, USA

За Македонија: Реформно движење на Адвентистите на седмиот ден, Моше Пијаде 85 - 1300 Куманово
е-маил: asdrdmk@gmail.com
Интернет: www.rdasd.mk
Библиски превод: Стандардна Библија 2006.
Превод: Часлав Дичевски
Одговорен уредник: Часлав Дичевски
Печати: Гераком, Скопје

# Предговор

Серијата лекции за ова тримесечје, „Да одиме со Исус“, се темели на книгата „Патот кон Христа“. Оваа книга може да се чита, поглавје по поглавје, како коментар на библиските лекции.

Некои ученици во Саботната школа ќе се присетат дека оваа тема последен пат беше обработувана во првото тримесечје од 1980 година. Со радост повторно ја претставуваме — овој пат со нов дизајн и дополнителен материјал, но со истите длабоки вистини изречени одамна.

Луѓето премногу често го замислуваат својот небесен Отец како студен и далечен, како строг и суров Судија. Тие не ја согледуваат длабочината на Неговата љубов кон нив, ниту нежната грижа што Тој во Своето срце ја има кон сите Свои деца.

Божјата љубов треба да биде првото нешто што ќе се изнесе. Потоа треба да следи вистината дека грешникот е беспомошен, без надеж и дека му е потребен Спасител. Христовиот живот покажува дека постои сигурен пат за враќање кај небесниот Отец, зашто Тој дошол да ги спаси грешниците.

Темите обработени во овие лекции ги опфаќаат главните искуства во христијанскиот живот и особено се приспособени за верниците што се нови во верата и копнеат да растат во благодатта. Сите верници треба одвреме-навреме повторно да ги разгледуваат овие теми — не само за свое добро, туку и за да знаат како најдобро да им помогнат и на другите да дојдат кај Христос.

Систематското изнесување на доктриналните вистини може да доведе до нивно јасно разбирање и прифаќање, и може да му помогне на човекот да биде примен во црковно членство. Но, ако таквата личност не биде доведена во заедница со Христос, таа нема вистински живот — вечен живот. Навистина, само оној „кој верува во Синот, има вечен живот“ (Јован 3:36).

Секој член на Саботната школа треба во својот дух да го има сведоштвото на Светиот Дух дека навистина е посвоен во Божјото семејство. Секој треба да сфати дека неговиот личен пример и неговата постојана зависност од небесниот Отец — во секое време и за сè — мора да бидат вистински и практични. Потребно е нешто повеќе од слаба човечка љубов. На сите им е потребна Божјата љубов — Божјата несебична љубов — всадена во срцето и душата, за да можат да љубат како што љубел Тој.

Нека ова биде искуство на секој член на Саботната школа.

Оддел за Саботна школа при Генералната конференција

# ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 5 јули 2026



## Проширување на црквата во Ченај, Индија

Ченај, некогаш познат како Мадрас, е главен и најголем град на Тамил Наду, најјужната држава во Индија. Се наоѓа на Короманделскиот Брег, покрај Бенгалскиот Залив. Според индискиот попис од 2011 година, Ченај е шестиот најнаселен град во Индија и ја образува четвртата најнаселена урбана агломерација во земјата. Основана во 1688 година, корпорацијата Голем Ченај е најстарата општинска корпорација во Индија и втората најстара во светот, по Лондон.

Градот е важен центар за трговија и комерцијална дејност, со околу 15.000 индустриски капацитети, и е значаен центар за медицински туризам, поради што е наречен „здравствена престолнина на Индија“. Во Ченај се наоѓа и значаен дел од автомобилската индустрија на Индија, па затоа градот е познат и како „Детроит на Индија“. Ченај бил единствениот јужноазиски град што во 2015 година бил вброен меѓу „Топ 10 градови за храна“ на National Geographic, а бил рангиран и на деветтото место на листата на Lonely Planet за најдобри космополитски градови во светот.

Населението на поширокиот Ченај денес брои повеќе од 12 милиони жители и моментално расте со стабилна годишна стапка од 2,34%. Во градот живеат различни етнички и верски заедници. Според пописот од 2011 година, мнозинството од населението во Ченај се хиндуси — 80,73%, потоа следуваат муслиманите — 9,45%, христијаните — 7,72%, припадниците на други верски заедници — 1,27%, и оние што не исповедаат никаква вера или верска припадност — 0,83%.

Во 2019 година, 40% од 1,788 милиони семејства во градот живееле под прагот на сиромаштија. Во 2017 година, градот имал 2,2 милиони домаќинства, а 40% од жителите немале сопствен дом. Во градот има околу 1.131 сиромашна населба, во кои живеат повеќе од 300.000 домаќинства. Тука живеат најразлични луѓе, и сите тие треба да го слушнат вечното евангелие на Исус Христос во овие последни денови.

Поради тешките економски околности, не бевме во можност да ја завршиме изградбата на црквата во Ченај во предвидениот рок. Сега, додека работата е во тек, ја препознавме и потребата проектот да се прошири со дополнителна изградба на простории за проповедниците, конференциска сала и училници за детска Саботна школа. За да го постигнеме ова, навистина ни е потребно да упатиме повик до љубезната великодушност на нашите драги цркви ширум светот.

Упатуваме свечена молба до нашите браќа, сестри и млади великодушно да приложат средства за овој проект.

Однапред ви благодариме, и нека Господ изобилно ве благослови сите.

Вашите браќа и сестри од Ченај

# Божјата љубов кон човекот

**Запомнете го стихот:** „Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот - да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме! Затоа светот не нè знае, зашто не Го спозна Него“ (1 Јованово 3:1).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, прво поглавје, стр. 9–15.*

„Бог е љубов. И како што сонцето ги праќа сончевите зраци, така и љубовта, светлината и радоста се излеваат од Него врз сите Негови созданија.“ — *Мисли од Горната на блаженствата, стр. 77.*

## 1. БОГ Е ЉУБОВ

Недела, 28. јуни

**а. Каков доказ за Божјата љубов му е даден на човечкиот род? Излез 34:6,7; Јона 4:2 (последен дел); Еремија 31:3.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Божјото слово го открива Неговиот карактер. Самиот Тој ја објавил Својата неограничена љубов и милосрдие. Кога Мојсеј се молел: „Покажи ми ја својата слава“, Господ му одговорил: „Ќе ја покажам пред тебе сета Моја слава“ (Излез 33:18,19). Ова е Негова слава. Господ поминал пред Мојсеја и објавил: „Господ, Господ, Бог милостив, жалостив, долготрпелив и обилен со добрина и вистина, кој покажува милост кон илјадници, простува беззаконија, неправди и гревови“ (Излез 34:6,7). Тој е „спор на гнев и богат со милосрдие“, „Тој ужива да искажува милост“ (Јона 4:2; Михеј 7:18).“ — *Патот кон Христа, стр. 10*.

**б. Која била Божјата цел кога Го испратил Својот Син? Матеј 11:27; Јован 14:8, 9.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Сатаната ги навел луѓето Бога да го замислуваат како суштество, чијашто основна особина е крута праведност – како суров судија, неумолив и строг доверител. Тој Творецот го претставувал како суштество кое со сомничаво око ги набљудува луѓето за да ги пронајде нивните заблуди и грешки и да ги излее врз нив Своите судови. За да ја отстрани оваа темна сенка, Исус дошол да живее меѓу луѓето, откривајќи му ја на светот бескрајната Божја љубов.“ — *Патот кон Христа, стр. 10.*

**а. Како Исус ја опишал Својата земна мисија? Лука 4:16–18.**

„[Се наведува Лука 4:18.] Тоа било Негово дело. Тој помина правејќи добро и исцелувајќи ги сите што беа надвладеани од сатаната. Имало цели села во кои не се слушнал извик на болка од ниедна куќа, бидејќи Тој поминал низ нив и ги излекувал сите болни. Неговото дело било доказ за Неговото божествено помазание. Во секое дело на Неговиот живот се откривале љубов, милосрдие и сомилост; Неговото срце било полно со нежно сочувство кон човечките синови. Тој ја зел човечката природа за да може да ги сфати потребите на човекот. Најсиромашните и најпониженитe не се плашеле да му пристапат. Дури и малечките деца ја чувствувале Неговата привлечност. Тие сакале да се качуваат на Неговите колена и да го гледаат Неговото замислено лице, добродушно и полно со љубов.“ — *Патот кон Христа, стр. 11*.

„Исус сметал дека секоја душа мора да се повика да дојде во Неговото царство. Тој ги придобивал срцата на народот на тој начин што им покажувал дека им посакува добро. Ги барал по улиците, во домовите, на чамците, во синагогите, на брегот на езерото, па и на свадбената свеченост. Се среќавал со нив додека се одморале и покажувал интерес за нивните земни работи. Ги внесувал своите поуки во домаќинството, доведувајќи ги семејствата во нивните сопствени домови под влијание на Своето божествено присуство. Неговата силна лична наклонетост му помогнала да придобие срца. Често се повлекувал во планините за да се моли, но тоа била само подготовка за Неговата работа помеѓу луѓето во активниот живот. Од така поминатото време, Тој доаѓал да ги исцелува болните, да ги поучува неуките и да ги раскине оковите од заробениците на сатаната.“ — *Копнежот на вековите, стр. 151.*

**б. Иако бил полн со љубов и сочувство, каков пример ни дал Христос за верност во укорувањето на злото? Јован 9:39–41; Матеј 21:12, 13.**

„Исус не се притеснувал да ја каже вистината, но тоа секогаш го правел со љубов. Во своето однесување со луѓето бил мошне тактичен и им укажувал промислено и љубезно внимание. Тој никогаш не бил груб, никогаш не изговорил непотребно некој остар збор, никогаш не ѝ нанел непотребна болка на чувствителната душа. Не ги осудувал човечките слабости. Ја зборувал вистината, но секогаш со љубов. Ги осудувал лицемерството, неверувањето и беззаконието; но во Неговиот глас се чувствувала болка, додека ги изговарал своите остри прекори... Секоја душа била драгоцена во Неговите очи. Иако секогаш внимавал на своето божествено достоинство, со најнежно внимание се наведнувал над секој припадник на Божјото семејство. Во секој човек гледал падната душа заради чие што спасение дошол.“ — *Патот кон Христа, стр. 12*.

**а. Каков тежок товар носел нашиот Спасител во текот на Својот живот? Исаија 53:5-7; Лука 2:48, 49.**

---

---

„Исус го носел страшниот товар на одговорноста за спасението на луѓето. Тој знаел дека, ако не дојде до решителна промена во начелата и целите на човечкиот род, сѐ ќе биде изгубено. Тоа било бремето на Неговата душа, и никој не можел да ја сфати тежината што почивала врз Него. Низ детството, младоста и зрелата возраст, Тој одел сам. Сепак, да се биде во Негово присуство значело да се биде на небо. Од ден на ден се среќавал со искушенија и проби; од ден на ден доаѓал во допир со злото и ја гледал неговата сила врз оние што настојувал да ги благослови и спаси. Сепак, Тој не потклекнал ниту се обесхрабрил.
Во сѐ, Тој ги потчинувал Своите желби на Својата мисија. Неговиот живот бил прославен со тоа што сѐ во него било подредено на волјата на Неговиот Отев. Кога во Својата младост, Неговата мајка, наоѓајќи Го во училиштето на рабините, Му рекла: „Сине, зошто ни направи така?“, Тој одговорил — а Неговиот одговор е основниот тон на Неговото животно дело: 'Зошто сте Ме барале? Зар не знаете дека Јас треба да бидам во делото на Мојот Отец?' Неговиот живот бил живот на постојано самопожртвување. Тој немал дом на овој свет, освен кога добрината на пријателите Му обезбедувала престој како на патник. Дошол заради нас да живее живот на најсиромашните, и да оди и работи меѓу сиромашните и страдалниците. Непризнаен и без почести, Тој одел меѓу луѓето за кои направил толку многу.“ — *Слуги на евангелието, стр. 42, 43.*

**б. Што ни открива излевањето на Божјата неизмерна љубов за нашиот небесен Отец? Јован 3:16; 1 Јованово 4:9,10.**

---

---

„Но, оваа голема жртва не била принесена за да се разбуди во срцето на Отецот љубов кон човекот или пак желба да го спаси. Не, не! „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син”. (Јован 3:16). Отецот нѐ сака, но не заради таа голема жртва на помирување, туку Тој се погрижил за жртвата на помирување, затоа што нѐ љуби. Христос бил посредник преку кого Тој ја излеал својата бескрајна љубов кон паднатиот свет. „Зашто Бог беше во Христа, и светот го помири со себе“ (2 Коринтјаните 5:19). Бог страдал со Својот Син. Во агонијата во Гетсиманија, смртта на Голгота, срцето на бесконечната Љубов ја платило цената за нашето откупување.“ — *Патот кон Христа, стр. 13.*

**а. Што е темелот на спасението на нашите души? 1 Коринтјаните 1:30; Дела 16:31.**

„О, со каква глад и копнеж во душата Христос сакал да го спаси она што било изгубено! Телото распнато на крстот не одзело ништо од Неговата божественост, ниту од Божјата сила дадена да ги спаси, преку Неговата човечка жртва, сите што ќе ја прифатат Неговата праведност. Умирајќи на крстот, Тој ја пренел вината од престапникот врз божествениот Заменик — преку вера во Него како личен Искупител. Гревовите на виновниот свет, кои симболично се прикажани како „црвени како пурпур", му биле припишани на божествениот Гарант." — *Овој ден со Бога, стр. 236.*

**б. Што направил Христос за нашето откупување — нешто што ја надминува секоја човечка мудрост и секој човечки напор? Јован 10:17; Римјаните 5:6-8.**

---

„'Мојот Отец толку ве сакаше, што дури и Мене уште повеќе ме засака, затоа што го дадов Својот живот за да ве откупам. Му станав мил на Мојот Отец станувајќи ваш Заменик и ваша Гаранција, положувајќи го Мојот живот, преземајќи ги вашите долгови, вашите престапи; Јас сум љубен од Својот Отец; затоа што со Мојата жртва Бог може да биде праведен, а сепак да го оправда оној што верува во Исуса!'
Никој, освен Божјиот Син, не би можел да нè откупи; бидејќи Отецот можел да го објави само Оној, кој бил во Неговите прегратки. Божјата љубов можел да ја објави само Оној, кој ги запознал нејзините длабочини и висини. Само бесконечната жртва принесена од Христа во корист на паднатиот човек можела да ја изрази љубовта на Отецот кон изгубеното човештво." — *Патот кон Христа, стр. 14.*

**в. Што можел Јован да посведочи за нашиот Застапник пред Божјиот престол? 1 Јованово 1:1-3.**

---

„Малкумина ја разбираат тежината на гревот и ја сфаќаат големината на пропаста што настанала со престапувањето на Божјиот закон. Проучувајќи го Божјиот чудесен план на откупување, чија цел е во грешникот повторно да го обнови Божјиот морален лик, можеме да видиме дека единственото средство за избавување на човекот било обезбедено преку самопожртвуваноста, неспоредливото понижување и љубовта на Божјиот Син. Само Тој имал сила да ги води битките против големиот непријател на Бога и човекот; и како наш Заменик и Гарант, им дал сила на оние што со вера се држат за Него, во Негово име и преку Неговите заслуги, да станат победници." —*Christian Education, p. 112.*

## 5. ИСУС ЈА ПЛАТИЛ ЦЕНАТА

Четврток, 2. јули

**а. Што му овозможило на Христос да ја плати цената на нашето откупување? 1 Петрово 1:18, 19; Евреите 5:8, 9.**

________________________________________

________________________________________

„Цената платена за нашиот откуп, бескрајната жртва што ја принесол нашиот небесен Отец, давајќи го Својот Син да умре за нас, сето тоа би требало да нè вдахне со возвишени мисли за она што би можеле да станеме во Христа. Гледајќи ја височината, длабочината и широчината на љубовта на Отецот кон родот што умира, вдахновениот апостол Јован бил исполнет со обожавање и со стравопочит; и не наоѓајќи згодни зборови да ја изрази големината и нежноста на таа љубов, го повикал светот да ја набљудува... Каква вредност му дава тоа на човекот! Преку престапот, човечките синови станале поданици на сатаната. Со вера во Христовата жртва на помирување, Адамовите синови можат да станат синови Божји. Земајќи ја човечката природа, Христос го воздигнал човештвото. Паднатите луѓе, поврзани со Христа, добиле можност навистина да станат достојни за името „синови Божји.“ — *Патот кон Христа, стр. 15.*

**б. Кои зборови ги употребил апостол Јован за да ја опише големината на Божјата љубов? 1 Јованово 3:1, 2.**

________________________________________

________________________________________

„Таквата љубов е неспоредлива. Деца на небесниот Цар! Драгоцено ветување! Тема за најдлабоко размислување! Неспоредлива Божја љубов кон светот што не го љубел! Оваа мисла има моќ да ја скроти душата и умот да го наведе на покорност на Божјата волја. Колку повеќе го проучуваме божествениот карактер во светлината на крстот, толку повеќе гледаме милост, нежност и простување, поврзани со непристрасност и правда; сè појасни ни стануваат безбројните докази за неограничената љубов и нежната милост, кои го надминуваат сочувството на мајката кон своето заскитано дете.“ — *Патот кон Христа, стр. 15.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 3. јули

**1.Опиши ги најважните особини на Божјиот карактер.**

**2.Како Исус го открил Божјиот карактер додека бил на земјата?**

**3.Како Христовата мисија влијаела врз Неговите избори?**

**4.Станувајќи наш Заменик, на кои поуки нè учи Исус?**

**5.Опиши го Христовиот најголем дар за нас.**

# Потребата на грешникот од Христос

**Запомнете го стихот:** „Исус му одговори и рече: ’Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди одозгора, не може да го види царството Божјо’“ (Јован 3:3).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, второ поглавје, стр. 17–22.*

„Единствената надеж за откупувањето на нашиот паднат човечки род се наоѓа само во Христа.“ — *Копнежот на вековите, стр. 147.*

## 1. ЧОВЕКОВАТА ПРВОБИТНА СОСТОЈБА Недела, 5. јули

**а. Опишете ја човековата првобитна состојба во Едем. Создавање 1:26, 27, 31; Псалм 8:4-6.**

„Човекот првобитно бил надарен со благородни способности и добро урамнотежен ум. Тој бил совршен во своето битие и во хармонија со Бога.“ — Патот кон Христа, стр. 17.

„На човекот му било доделено да биде Божја слика и според надворешниот изглед и според карактерот. Единствено Христос е „сјај на славата” (Евреите 1:3) на битието на Отецот додека човекот е создаден според Божјиот лик. Неговата природа била во целосна хармонија со Божјата волја. Неговиот ум бил во состојба да го сфати она што е божествено. Склоностите му биле чисти; разумот владеел над неговите желби и страсти. Чувствувал среќа и светиња во тоа што на себе го носел Божјиот лик и што живеел во полна хармонија со неговата волја.“ — Патријарси и пророци, стр. 45.

**б. На кој начин сатаната успеал да го осуети Божјиот план при создавањето на човекот? Создавање 3:1-7; Римјаните 6:16; 1 Јованово 2:16.**

„Но, непослушноста ги изопачила неговите способности и наместо љубовта, се појавила себичност. Престапот во толкава мера ја ослабел неговата природа, што со своја сила воопшто не можел повеќе да ѝ се спротивстави на силата на злото. Станал роб на сатаната и засекогаш би останал таков кога самиот Бог не би се вмешал. Искушувачот имал намера да го осуети божествениот план во создавањето на човекот и Земјата да ја исполни со тага и очај. Сите тие зла сакал да ги претстави како последица на Божјото дело во создавањето на човекот.“ — *Патот кон Христа, стр. 17.*

**а. Како реагирале Адам и Ева по својот грев кога го слушнале Божјиот глас? Создавање 3:8-10.**

---

**б. Зошто грешните човечки суштества не можат да опстанат во присуството на Бесконечниот? Излез 33:20; Второзаконие 4:23, 24.**

---

„Во својата безгрешна состојба, човекот одржувал радосна врска со Оној „во Кого се скриени сите сокровишта на мудроста и знаењето“ (Колосјаните 2:3). Но, по сторениот грев, светоста не му причинувала повеќе радост, и тој се обидел да се скрие од Божјото присуство. Непрепороденото срце и сега се наоѓа во таква состојба. Тоа не е во хармонија со Бога, ниту пак наоѓа радост во заедницата со Него. Грешникот не би можел да биде среќен во Божјо присуство; нему друштвото на светите суштества би му било непријатно. И кога би му било дозволено да дојде на Небо, тоа не би му пружило никаква радост. Духот на несебичната љубов што владее таму - секое срце соединето со срцето на бескрајната Љубов - не би нашол одглас во неговата душа. Неговите мисли, неговите интереси, неговите побуди, би биле во расчекор со она што ги раздвижува безгрешните небесни жители. Тој би бил нескладна нота во небесната мелодија. За него небото би било место на мачење; тој би копнеел да се сокрие од Оној кој е светлина и центар на радоста на небото. Бог не одлучил самоволно да ги исклучи грешните од небото; тие сами се исклучуваат со својата непогодност за небесната заедница. Божјата слава за нив би била оган, кој спалува.“ — *Патот кон Христа, стр. 17.*

**в. Зошто е невозможно човекот сам да се спаси од казната за гревот? Јов 14:4; Римјаните 8:7, 8; Исаија 64:6.**

---

---

„Ние не можеме сами да се избавиме од понорот на гревот во кој сме паднале. Нашите срца се зли и ние не можеме да ги промениме. ’Кој ќе извлече чисто од нечисто? Никој!’ (Јов 14:4)... Образованието, културата, користењето на волјата, човечките напори, сето тоа има своја сфера на делување, но тука тие се беспомошни. Можеби со тоа може да се постигне надворешна коректност во однесувањето, но не може да се промени срцето; не можат да се исчистат изворите на животот. Мора да постои сила која делува одвнатре, нов живот одозгора, за да може човекот да се промени, да го остави гревот и да стане свет. Таа сила е Христос. Само Неговата благодат може да ги оживее замрените способности на душата и да ја привлече кон Бога, кон светоста.“ — *Патот кон Христа, стр. 18.*

**а. Што треба да разбереме за човечкото срце? Псалм 14:1-3; Римјаните 3:9-11.**

„Божјото слово објавува: „Сите згрешија и лишени се од славата Божја“ (Римјаните 3:23). „Нема кој да прави добро, нема ниту еден“ (Римјаните 3:12). Многумина се измамени во врска со состојбата на своето срце. Не сфаќаат дека природното срце е измамливо повеќе од сè и очајно расипано. Се облекуваат во својата сопствена праведност и се задоволуваат кога ќе го достигнат сопственото човечко мерило на карактерот; но колку страшно пропаѓаат кога не го достигнуваат божественото мерило, бидејќи сами по себе не можат да ги исполнат Божјите барања.“ — *Selected Messages, bk. 1, p. 320.*

**б. Зошто ние, како човечки суштества, не можеме да го разбереме духовниот свет и да го видиме Божјото царство? 1 Коринтјаните 2:14; 2 Коринтјаните 4:4.**

„Спасителот рекол: ’Ако некој не се роди одозгора’, ако не прими ново срце, нови желби, нови намери и побуди што водат во нов живот, ’не може да го види царството Божјо’ (Јован 3:3). Идејата дека е доволно да се развива само доброто што по природа постои кај човекот, е опасна измама. ’Телесниот човек не го прима она што е од Божјиот Дух: за него тоа е безумство; и не може да го разбере, зашто тоа треба со помошта на Духот да се испита’. ’Не чуди се што ти реков: вие треба да се родите одозгора’ (1 Коринтјаните 2:14; Јован 3:7). За Христа е напишано: ’Во Него беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето,’ - единственото ’име дадено на луѓето, преку кое би можеле да се спасиме’“ (Јован 1:4; Дела 4:12).“ — *Патот кон Христа, стр. 18.*

**в. Иако не можеме самите да се спасиме, што можеме да направиме? Матеј 11:28-30; Јован 3:3.**

„Бог се открил во Христа и „го измири светот со Себе” (2 Коринтјаните 5:19). Гревот толку го понижил човекот, што тој сам во никој случај не можел да се помири и да се усогласи со Оној чијашто природа е само чистота и добрина. Меѓутоа, Христос, ослободувајќи ги луѓето од законската клетва, можел да им подари божествена сила за да ја здружат со своите човечки напори. Така, со покајание пред Бога и со вера во Христа, паднатите Адамови потомци повторно можеле да станат „чеда Божји” (1 Јованово 3:2).“ — *Патријарси и пророци, стр. 64.*

**а. Со каков проблем се соочил апостол Павле кога целосно ја сфатил својата состојба како грешник пред Бога? Римјаните 7:12, 14, 24.**

---

„Не е доволно да се почувствува Божјата благост, да се види добронамерноста и татковската нежност на Неговиот карактер. Не е доволно да се препознае мудроста и праведноста на Неговиот закон, да се разбере дека е втемелен врз вечното начело на љубовта. Апостол Павле сето тоа го видел кога извикал: ’Се согласувам со Законот дека е добар!’ ’Законот е свет, и заповедта света, справедлива и добра!’ Но, исполнет со горчината на своите душевни маки и со очај, додава: ’А јас, пак, сум телесен, продаден на гревот како роб!’ (Римјаните 7:16,12,14). Тој копнеел за чистота, праведност, кои не можел да ги постигне со своја сила, и извикнува: ’Колку несреќен човек сум јас! Кој ќе ме избави од ова тело на смртта?’ (Стих 24). Истиот извик им се истргнувал од обремените срца во сите земји и во сите векови. За сите, постои само еден одговор: ’Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!’ (Јован 1:29).“ — *Патот кон Христа, стр. 19.*

„Многу луѓе увидуваат дека се беспомошни и копнеат по оној духовен живот, кој ќе ги доведе во склад со Бога; тие попусто се обидуваат да го постигнат тоа... Спасителот се наведнува над оние, кои ги откупил со Својата крв и со неискажана нежност и сочувство вели: ’Сакаш ли да оздравиш?’“ — *Копнежот на вековите, стр. 203.*

**б. На кој начин Бог го уверил Јаков дека не бил оставен кога бегал од својот брат Исав? Создавање 28:10-13.**

---

„(Јаков) чувствувал дека е изгнаник и знаел дека сите тие маки му ги донеле само неговите погрешни постапки. Темнина на очај му ја притискала душата и тој одвај се осмелувал да му се моли на Бога. Но, останувајќи наполно сам, тој, повеќе од кога и да е порано, чувствувал потреба од Божја заштита. Плачејќи и во длабока понизност го признал својот грев и најсесрдно се молел за некаков видлив доказ дека не е потполно напуштен. Но сепак неговото потиштено срце уште не нашло олеснение. Загубил секаква доверба во самиот себе, а се плашел дека го отфрлил и Бог - Бог на неговите татковци.

Но Бог не го напуштил Јакова. Тој сè уште бил милозливо наклонет кон својот заблуден и недоверлив слуга. Полн со милост, Господ на Јакова му го открил токму она што му било потребно му го открил Спасителот. Тој згрешил, но срцето му било исполнето со благодарност кога пред себе го видел откриен патот по кој можел повторно да ја задобие Божјата наклоност.“ — *Патријарси и пророци, стр. 183.*

## 5. ПОВРЗУВАЊЕ НА НЕБОТО И ЗЕМЈАТА

Четврток, 9. јули

**а. Каква поука треба да ја извлечеме од скалата што Јаков ја видел во пустината? Создавање 28:16, 17; Јован 1:51.**

___

___

„Во оваа визија на Јакова му бил откриен планот на откупувањето, но не во целост, туку само во онаа мера колку што му било потребно во тоа време нему. Таинствената скала што ја видел на сон била истото она на што укажал Христос во својот разговор со Натанаила: 'Отсега', кажал Тој, 'ќе го видите небото отворено и Божјите ангели како се искачуваат и слегуваат над Човечкиот Син' (Јован 1:51). Сè до мигот на човековиот бунт против Божјото владеење, човекот слободно и непречено одржувал врска со Бога. Но гревот на Адама и Ева ја одделил земјата од небото, така што човекот не можел веќе да разговара со својот Творец. Сепак, светот не е оставен во осаменост и безнадежност. Оваа скала го претставува Исуса, одбраниот Посредник за општење со небото." — *Патријарси и пророци, стр. 184.*

**б. Опишете ја поврзаноста што Христовото посредување ја воспоставило. Римјаните 3:23-26; Евреите 1:14.**

___

___

„Одметнувајќи се, човекот се одвоил од Бога; Земјата била отсечена од Небото. Преку бездната што ги разделувала, не можело да има заедница. Но преку Христа, Земјата повторно е поврзана со Небото. Со Своите заслуги Христос ја премостил бездната што ја направил гревот, така што ангелите - служители можат да одржуваат врска со луѓето. Христос го поврзал грешниот човек во својата слабост и беспомошност, со Изворот на бескрајната сила.

Божјото срце копнее по Неговите деца на земјата со љубов, која е посилна од смртта. Давајќи го Својот Син, во тој еден дар Тој ни го подарил целото Небо. Животот на Спасителот, Неговата смрт и посредувањето, службата на ангелите, заземањето на Духот, делувањето на Отецот над и преку сите, постојаниот интерес на небесните суштества - сето тоа е ставено во служба за откуп на човекот." — *Патот кон Христа, стр. 20, 21.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 10. јули

1. **Спореди ја состојбата на човечкиот род пред и по падот.**
2. **Што направил човекот по падот и зошто?**
3. **Кој бил единствениот одговор на проблемот со гревот?**
4. **Објасни го значењето на прекрасниот симбол што му бил даден на Јаков во неговиот сон.**
5. **Со кои средства Бог одржува врска со човечкиот род?**

# Покајание

**Запомнете го стихот:** „Затоа, покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите, за да дојдат, од лицето на Господа времиња на освежување“ (Дела 3:19).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, трето поглавје, стр. 23–35.*

„Бог нема да ги отфрли оние што биле измамени и наведени на грев, но со вистинско покајание се вратиле на вистинскиот пат.“ — *Патријарси и пророци, стр. 202, 203.*

## 1. ЖАЛОСТ ПОРАДИ ГРЕВОТ

Недела, 12. јули

**а. Каков доказ за вистинско покајание барал Јован Крстител? Лука 3:7–14.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Во покајанието е вклучена жалост поради гревот и одвојување од него. Ние нема да го отфрлиме гревот ако не ја увидиме неговата расипаност; сè додека нашето срце не се откаже од него, нема да има никаква вистинска промена во нашиот живот.“ — *Патот кон Христа, стр. 23.*

**б. Што треба да знаеме за вистинското покајание што ги менува срцето и животот? 2 Коринтјаните 7:9,10.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Вистинската тага поради гревот е резултат на делувањето на Светиот Дух. Духот ја открива неблагодарноста на срцето, кое го омаловажило и растажило Спасителот и во покајание не доведува до подножјето на крстот. Со секој грев Исус повторно е ранет. И кога ќе го насочиме погледот кон Оној, Кого сме го раниле, тогаш плачеме поради гревовите со кои сме му нанеле страдање. Таквиот плач не наведува да се откажеме од гревот.“ — *Копнежот на вековите, стр. 300.*

„Но кога срцето ќе му се предаде на влијанието на Божјиот Дух, совеста се буди и грешникот разузнава по нешто од длабината и светоста на Божјиот свет закон кој е темел на Неговото владеење и на небото и на земјата.“ — *Патот кон Христа, стр. 24.*

**а. Која била Давидовата молба кога ја увидел тежината на својот грев? Псалм 51:1–4.**

---

„Давидовата молитва по паѓањето, покажува како изгледа вистинската жалост поради гревот. Неговото покајание било искрено и длабоко. Во молитвата не вложувал напор да ја намали својата вина; не изразувал желба да ја избегне казната што му се заканувала. Давид ја увидел големината на својот престап; сфатил дека ја извалкал душата; се гнасел од својот грев. Не се молел само за простување, туку за очистување на срцето. Копнеел за радоста на светоста – за обновување на хармонијата и заедницата со Бога.“ — *Патот кон Христа, стр. 24, 25.*

**б. Што побарал Давид во своето искрено покајание? Псалм 51:10–13.**

---

„’Создај во мене чисто срце.’ Со ова започнува вистинската промена — од самиот темел на христијанскиот карактер; зашто од срцето извира животот. Кога сите — и проповедниците и народот — би се грижеле нивните срца да бидат исправни пред Бога, резултатите од вложениот труд би биле многу поголеми. Колку е поважно и поодговорно вашето дело, толку поголема е потребата да имате чисто срце. Потребната благодат е обезбедена, а силата на Светиот Дух ќе го придружува секој напор што ќе го вложите во таа насока. Кога секое Божјо дете би Го барало Господа искрено и истрајно, би имало многу поголем раст во благодатта. Несогласувањата би престанале; верниците би биле едно срце и една мисла; чистотата и љубовта би владееле во црквите. Гледајќи во Христос, ние се преобразуваме. Колку повеќе размислувате за Неговиот карактер, толку повеќе ќе се сообразувате во Неговиот лик. Дојдете кај Исус токму такви какви што сте; Тој ќе ве прими и ќе стави нова песна во вашата уста — песна на благодарност кон Бога.“ — *Gospel Workers (1892), pp. 451, 452.*

**в. Што учи Библијата за покајанието и целосното предавање на Христа? Римјаните 2:4; Дела 3:19; 5:31.**

---

---

„Ние не можеме да се покаеме без Христовиот Дух, кој ја буди нашата совест, како што не можеме да добиеме ниту простување без Христа.
Христос е извор на секоја добра побуда. Само Тој може да всади во срцето непријателство кон гревот. Секоја желба за вистината и за чистота, секое осведочување за нашата сопствена грешност е доказ дека Неговиот Дух делува на нашите срца.“ — *Патот кон Христа, стр. 26.*

**а. Каква била природата на покајанието на Исав, фараонот и Јуда откако ги увиделе последиците од своите гревови? Евреите 12:16,17; Излез 12:30–32; 14:3–5; Матеј 27:3–5.**

„Мнозина не успеваат да ја сфатат вистинската природа на покајанието. Тие жалат затоа што грешеле и дури привидно се менуваат само затоа што се плашат дека ќе мора да трпат поради своите лоши дела. Но тоа не е покајание во библиска смисла на зборот. Тие се жалат на страдањата наместо на гревот. Таква била болката на Исав кога сфатил дека засекогаш го загубил првенството... Откако го предал својот Господ, Јуда Искариот извикнал: 'Јас згрешив што предадов невина крв.' Ова признание се оттргнало од неговата грешна душа под неподнослив притисок на свеста за вината и во страшно очекување на осудата. Последиците што му се закануале го исполниле со ужас, но во неговата душа немало длабока жалост што го кине срцето, не жалел што го предал неизвалканиот Божји Син и што се откажал од Светецот Израилев. Додека ги поднесувал Божјите казни, фараонот го признавал својот грев за да го избегне натамошното казнување, но продолжувал да му пркоси на Небото штом казните биле запрени. Сите овие оплакувале заради последиците на гревот, но не ги обземала жалост поради самиот грев — *Патот кон Христа, стр. 23, 24.*

„Бог му дал на фараонот најубедливи докази за својата моќ, но владетелот упорно одбивал да ја прими светлината. При секоја појава на бесконечната сила што тој ја отфрлил, станувал сѐ порешителен во своето опирање. Семето на бунт што е посеано кога го отфрлил првото чудо донело своја жетва.“ — *Патријарси и пророци, стр. 268.*

**б. Што се случува кога грешникот не сака да се покае или го одложува своето покајание за некое идно време? Јован 12:35,36; Евреите 3:12–15.**

„Оние таканаречени христијани, кои во овој последен и страшен судир ќе влезат неподготвени, во својот очај ќе ги исповедаат своите гревови со зборови на длабока болка, додека злите ќе ликуваат поради нивната мака. Овие признавања се слични на признавањата на Исав и на Јуда. Оние што постапуваат така, плачат поради последиците на престапот, а не поради својата вина. Тие не чувствуваат никакво вистинско каење ниту одвратност кон злото. Тие го признаваат својот грев поради страв од казна; но, како и фараонот некогаш, тие пак би се бунтувале против небото кога казните би биле повлечени.“ — *Големата борба, стр. 620.*

**а. Која е разликата меѓу фарисејот и цариникот во Христовата парабола? Лука 18:10–13.**

„Во параболата за фарисејот и цариникот, самодоволната молитва: ’Боже, ти благодарам што не сум како другите луѓе,’ стои во остра спротивност со молбата на покајникот ’Биди ми милостив на мене грешникот’. (Лука 18:11,13) На тој начин Христос ги укорил Евреите заради нивното лицемерие.“ — *Копнежот на вековите, стр. 495.*

**б. Што рекол Исус за резултатот од молитвата на цариникот? Лука 18:14.**

„Кутриот цариник кој се молел: ’Боже, биди милостив спрема мене грешникот’ (Лука 18:13), себеси се сметал за мошне расипан човек, а и другите го гледале со исти очи; но тој ја почувствувал својата потреба и со својот товар на вината и срамот дошол пред Бога барајќи милост од Него. Тој го отворил срцето пред милосливото влијание на Божјиот Дух да го ослободи од силата на гревот. Фаленичката самоуверена молитва на фарисејот покажала дека неговото срце е затворено за влијанието на Светиот Дух. Оддалечувајќи се од Бога, тој и не ја чувствувал својата извалканост која била наполно спротивна на совршенството на божествената светост. Не чувствувал никаква потреба и ништо и не примил.“ — *Патот кон Христа, стр. 30, 31.*

**в. Кој деструктивен став сакал Исус да го исправи раскажувајќи ја оваа парабола? Лука 18:9; 2 Коринтјаните 10:12; Изреки 16:18.**

„Религијата на фарисејот не ја допира душата. Тој и не се стремел да стане сличен на Бога во карактерот, за срце исполнето со љубов и милост. Се задоволил со религијата што се однесувала само на надворешниот живот. Неговата праведност била само негова - плод на неговите дела – и се оценува според човечките мерила.
Секој што себеси се смета за праведен, ќе ги презира другите луѓе. Како што фарисејот себеси се споредувал со другите луѓе, така и тој сите други ги споредувал со себе. Својата праведност ја оценувал со нивната, така што колку тие изгледале полоши, толку тој изгледал подобар. Неговата самоправедност го наведувала да ги обвинува другите. ’Другите луѓе’ ги прогласува за престапници на Божјиот закон. Со тоа тој го манифестирал духот на сатаната, кој е обвинител на браќата. Луѓето инспирирани со таков дух не можат да воспостават заедница со Бога, не можат да разговараат со Него, и затоа отишол дома лишен од Божјиот благослов.“ — *Христовите поуки, стр. 151.*

## 5. НЕ БИДЕТЕ СО ТВРДО СРЦЕ

Четврток, 16. јули

**а. Каква опасност постои во игнорирањето на осведочувањето или во одложувањето на одговорот? 2 Коринтјаните 6:2; Евреите 3:7,8; Лука 12:20,21.**

---

„Мнозина ја умируваат разбудената совест со мислата дека можат да се вратат од својот лош пат секогаш кога ќе посакаат; дека можат да си играат со повиците на милоста, а сепак да останат трајно чувствителни кон нивното влијание. Иако му пркоселе на Духот на благодатта, иако своето влијание го ставиле во служба на сатаната, тие мислат дека сепак ќе можат да ја променат насоката на животот во мигот кога ќе настапи страшната криза. Но тоа не е така лесно да се стори. Искуствата и воспитувањето во текот на целиот живот толку темелно го формирале карактерот, што тогаш само ретки посакуваат да бидат слични на Исуса." — *Патот кон Христа, стр. 33.*

**б. Што треба да направиме кога ќе сфатиме дека нашето срце и живот не се во склад со Бога? Псалм 139:23,24; 51:10.**

---

„Проучувајте го Божјото слово со молитва. Тоа слово, во Божјиот закон и во Христовиот живот, ви ги изнесува големите начела на светоста... Кога ќе ја видиме должината на веригата што ни е подадена, кога донекаде ќе ја сфатиме големината на жртвата што Христос ја сторил заради нас, тогаш нежноста и понизноста ќе го омекнат и нашето срце." — *Патот кон Христа, стр. 35.*

„Ние сме биле големи грешници, но Христос умрел за да може да ни биде простено. Било доволно да му ги изнесе на својот Отец заслугите на својата жртва во наша корист. Оние на кои најмногу им простил, ќе го љубат најмногу и ќе стојат најблизу до Неговиот престол да го слават заради Неговата голема љубов и неизмерна жртва. Токму тогаш, кога најпотполно ќе ја сфатиме Божјата љубов, најдобро ја увидуваме и злобата на гревот. Кога ќе ја видиме должината на веригата што ни е подадена, кога донекаде ќе ја сфатиме големината на жртвата што Христос ја сторил заради нас, тогаш нежноста и понизноста ќе го омекнат и нашето срце." — *Патот кон Христа, стр. 35.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 17. јули

1. **Кој прекрасен дар ни го дава Бог за да можеме да ја примиме небесната благодат?**
2. **Зошто не можеме вистински да се покаеме сами од себе?**
3. **Што недостасувало во покајанието на Исав, фараонот и Јуда?**
4. **Зошто Исус ја раскажал параболата за фарисејот и цариникот?**
5. **Кој е најважниот чекор што го доведува човекот во тесна заедница со Бога?**

# Признавање

**Запомнете го стихот:** „Кој ги крие престапите свои, нема да напре- дува; а кој се кае и ги остава, ќе биде помилуван“ (Изреки 28:13).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, четврто поглавје, стр. 37–41.*

„Признавањето, поттикнато од длабочината на душата ќе го најде својот пат до Бога кој е полн со бескрајна сомилост.“ — *Патот кон Христа, стр. 38.*

## 1. БОЖЈАТА МИЛОСТ — Недела, 19. јули

**а. Што треба да направиме кога ќе бидеме осведочени за грев? Изреки 28:13; Јаков 5:16.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Условите за добивање на Божјата милост се едноставни, праведни и разумни. Господ не бара од нас да се изложуваме на маки за да добиеме простување на гревот. Не мораме да одиме на долги и исцрпувачки поклоненија, или пак да вршиме мачни покори за да му ја препорачаме нашата душа на небесниот Бог или пак да ги окаеме своите престапи, туку оној кој признава и го остава својот грев добива милост“. — *Патот кон Христа, стр. 37.*

**б. Каков став бара ова од нас? Изреки 15:33; 19:23; Псалм 34:18.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Оние кои не се понизиле пред Бога со признавање на својата вина, не го исполниле ни првиот услов да бидат примени. Ако не се покаеме вистински и неповратно, ако во длабока понизност и потиштеност на срцето не сме си ги признале гревовите, згрозувајќи се од своето беззаконие, ние никогаш навистина не сме побарале простување на гревовите; а ако никогаш не сме побарале, никогаш не сме нашле мир од Бог. Единствена причина што не сме добиле простување на минатите гревови е нашата неподготвеност да го потчиниме нашето срце и да ги исполниме условите на Словото на вистината. За тоа ни се дадени точни упатства. Признавањето на гревовите, било јавни или тајни, мора да биде дадено од срце и јасно изразено.“ — *Патот кон Христа, стр. 37, 38.*

**а. Кога сме навредиле некого, кого уште сме навредиле? Псалм 51:4.**

„Апостолот вели: 'Исповедајте си ги грешките еден на друг, и молете се на Бога еден за друг, да оздравите' (Јаков 5:16). Признајте му ги своите гревови на Бога, кој единствено може да ви прости, а своите грешки еден на друг. Ако сте го навредиле својот пријател или сосед, треба да ја признаете својата вина, а негова должност е од срце да ви прости. Потоа треба да побарате простување и од Бога, бидејќи братот што сте го повредиле е Божја сопственост, па ранувајќи го него сте му згрешиле и на неговиот Создател и Откупител.“ — *Патот кон Христа, стр. 37.*

**б. Зошто мораме да им простуваме на другите? Матеј 6:14,15; Ефесјаните 4:32.**

________________________________________________________________________

„Оној кој не е подготвен да прости, го затвора единствениот канал низ кој и самиот може од Бога да добие милост. Никогаш не смееме да помислиме дека имаме право да им го ускратиме простувањето на оние кои нè навредиле, затоа што не ни ја признале својата вина. Без сомнеж, нивна должност е да ги понизат своите срца во покајание и признавање, но ние мораме да покажеме сожалив дух кон оние кои ни згрешиле, без оглед дали ги признале своите грешки или не. Колку и болно да нè раниле, не смееме да тагуваме и да се сожалуваме себеси поради навредите кои ни се нанесени. Како што очекуваме Бог да ни ги прости нашите навреди кои сме му ги нанеле, и ние мораме да им простиме на сите оние кои ни нанеле некое.“ — *Мисли од горaта на блаженствата, стр. 113.*

**в. Што треба да нè научи за нашата должност кон човечкиот род? 1 Петрово 4:8; Римјаните 13:8.**

„Нека Христос, божествениот Живот, престојува во вас и преку вас да ја открие небесната љубов која ќе им влее надеж на оние кои ја изгубиле и ќе им донесе небесен мир на срцата ранети од гревот. Кога доаѓаме кај Бога, веќе на самиот праг ни се поставува услов, примајќи ја Неговата милост, мораме да се согласиме да ја покажеме Неговата милост кон другите.“ — *Мисли од горaта на блаженствата, стр. 114, 115.*

„Наш најголем грев е нехуманоста на човек кон човек. Постојат многумина, кои мислат дека ја застапуваат Божјата правда, иако сосема ги занемаруваат Неговата нежност и голема љубов. Тие, честопати постапуваат сурово и строго со души, кои се наоѓаат под бремето на остри искушенија. Сатаната се бори со овие души, а нашите нељубезни зборови можат толку да ги обесхрабрат, така што тие ќе паднат и ќе станат жртва на силата на искушувачот.“ — *Здравје и среќа, стр. 163.*

**а. Кои гревови треба јавно да ги признаеме, а кои треба да ги признаеме само пред Бога? Псалм 32:5; Матеј 5:23,24.**

---

„Вистинското признание е секогаш изрично и се однесува на одредени гревови. Тие се понекогаш од таков карактер што можат да се признаат само на Бога; или пак тоа се зли дела кои мораат да им се признаат и на оние кои поради нив претрпеле штета; или тоа можат да бидат јавни гревови кои треба јавно да се признаат. Сите признанија мораат да бидат јасни и целосни, мораме да ги признаеме токму оние гревови за кои сме виновни.“ — *Патот кон Христа, стр. 38.*

„Гревовите од личен карактер треба да му се признаат на Христос, единствениот посредник меѓу Бога и човекот... Секој грев е навреда против Бога и треба да Му се признае преку Христос. Секој јавно сторен грев треба јавно да се признае.“ — *Gospel Workers, p. 216.*

**б. Која е целта на вистинското признавање? 1 Самоилова 12:19.**

---

„Во Самоиловите дни Израелците се оддалечиле од Бога. Ги поднесувале последиците на гревот затоа што ја изгубиле својата вера во Бога, својата способност да ја видат Неговата сила и мудрост во управувањето со народот, како и довербата во Неговата способност да го брани и оправда Своето дело. Го отфрлиле големиот Владетел на вселената и посакале да имаат ист облик на владеење како и околните народи. Пред да стекнат мир го дале ова одредено признание: ’Кон своите гревови додадовме зло, посакувајќи си цар!’ (1 Самоилова 12:19). Морале да го признаат токму оној грев за кој биле виновни.“ — *Патот кон Христа, стр. 38.*

**в. Кое практично дело треба да следи по признавањето? Исаија 1:16,17; Езекиел 33:15.**

---

---

„Бог не може да го прифати признанието без искрено покајание и промена. Мора да се видат решителни промени во животот; сѐ што го навредува Бога мора да биде отфрлено. Тоа ќе биде последица на вистинското жалење поради гревот.“ — *Патот кон Христа, стр. 39.*

Како Закхеј, секој обратен човек покажува дека Христос влегол во неговото срце со тоа што ги напушта неправедните постапки, кои дотогаш го обележувале неговиот живот. Слично на началникот на цариниците, таквиот човек ќе даде доказ за својата искреност со тоа што ќе ја надомести нанесената штета.“ — *Копнежот на вековите, стр. 566.*

**а. Кога Господ ги прашал Адам и Ева за нивниот грев, како тие навестиле дека тоа всушност не била нивна вина? Создавање 3:12,13.**

---

„Адам не можел својот грев ниту да го побие ниту да го оправда. Меѓутоа, наместо да покаже дека се кае, се обидел вината да ја префрли врз својата жена, а со тоа и врз Бога. 'Жената, која ми ја даде Ти, таа ми даде плод од дрвото, и јас јадев."' — *Патријарси и пророци, стр. 58.*

Бидејќи јаделе од забранетиот плод, Адам и Ева ги исполнило чувство на срам и ужас. Најпрвин размислувале за тоа како да го оправдаат својот грев и да ја избегнат смртната казна од која се ужасувале. Кога Господ ги распрашал за нивниот грев, Адам одговорил, префрлувајќи ја вината делумно на Бога, а делумно на својата другарка: 'Жената која ми ја даде Ти, таа ми даде од дрвото, и јас јадев'. Жената ја префрлила вината на змијата велејќи: 'Змијата ме измами, и јас јадев" (Создавање 3:12,13). Зошто си ја создал змијата? Зошто си дозволил да влезе во Едем? Овие прашања биле вклучени во нејзиниот изговор поради направениот грев прогласувајќи го Бога одговорен за нивниот пад." — *Патот кон Христа, стр. 40.*

**б. Зошто самооправдувањето го прави признавањето безуспешно? Јов 9:20; Лука 16:15.**

---

„Духот на самооправдување потекнува од таткото на лагата и се има покажано во сите синови и ќерки Адамови. Ваквите признанија не се вдахновени со божествениот Дух и Бог не може да ги прифати. Вистинското покајание го наведува човекот сам да ја понесе својата вина и да ја признае без измама или лицемерие." — *Патот кон Христа, стр. 40.*

Ние не треба да се обидуваме да ја намалиме нашата вина барајќи некаков изговор за гревот. Ние мораме да ја прифатиме Божјата проценка за гревот, а таа е навистина тешка. Единствено Голгота може да ни ја открие страшната грозотија на гревот. Кога би морале сами да ја носиме сопствената вина, тоа ќе нѐ уништи. Меѓутоа, Безгрешниот го заземе нашето место, иако недолжен, Тој ги понесе нашите неправди. 'Ако ги исповедаме гревовите свои', Бог е „верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нѐ очисти од секаква неправда' (1 Јованово 1:9). Каква величествена вистина! Праведен на сопствениот Закон, а сепак ги оправдува сите оние што веруваат во Исуса. 'Кој Бог е како Тебе, за да ги простува беззаконијата, да мине преку престапите на остатокот од Своето наследство? Тој вечно не се гневи, зашто Тој со радост се смилува' (Михеј 7:18)." — *Мисли од гората на блаженствата, стр. 116.*

## 5.ОТВОРЕНО ПРИЗНАВАЊЕ — Четврток, 23. јули

**а. Како Павле понизно и јасно го признал својот грев? Дела 26:10,11.**

„Примерите на вистинско покајание и понизност, запишани во Божјото слово, ни откриваат подготвеност за признавање без изговор за гревот или обид за самооправдување. Павле не се обидел да се оправда; тој го слика својот грев во најтемни бои, не обидувајќи се да ја намали својата вина. (Дела 26:10,11).“ — *Патот кон Христа, стр. 41.*

**б. Што изјавил Павле во своето Прво послание до Тимотеј? 1 Тимотеј 1:15.**

---

„Ние во себе не можеме да видиме ништо освен слабост, ништо што би нѐ препорачало на Бога, а сатаната ни вели дека сите наши настојувања се бескорисни и дека не сме во состојба да ги исправиме маните во нашиот карактер. Кога ќе се обидеме да дојдеме кај Бога, непријателот ќе шепне: Нема никаква полза да се молиш, зарем не се сеќаваш дека си го направил она зло дело? Зарем не си му згрешил на Бога и си работел против сопствената совест? Но ние со право можеме да му одговориме на непријателот: ’Крвта на Исус Христос, Неговиот Син, нѐ очистува од секаков грев’ (1 Јованово 1:7). Кога ќе почувствуваме дека сме грешни и не можеме да се молиме, токму тоа е момент за молитва. Кога сме можеби засрамени во чувството на сопствената ништожност, сепак мораме да се молиме и да веруваме. (1 Тимотеј 1:15). Простувањето... е дар кој се темели на Христовата беспрекорна праведност.“ — *Мисли од горала на блаженствата, стр. 115.*

**в. Што ни ветува Бог ако ги признаеме своите гревови? 1 Јованово 1:9.**

---

„Понизното и скршено срце, скротено со вистинското покајание, ќе сфати, иако не целосно, колкава е Божјата љубов и цената на Голгота; и како што синот исповеда на саканиот татко, така и вистинскиот покајник ќе ги изнесе своите гревови пред Бога. Стои напишано: ’Ако ги признаеме своите гревови, Тој е верен и праведен да ни ги прости гревовите наши, и да нѐ очисти од секаква неправда!’ (1 Јованово 1:9).“ — *Патот кон Христа, стр. 41.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ — Петок, 24. Јули

1. **Кога искрено ги признаваме своите гревови пред Бога, каков е нашиот однос пред Него?**
2. **Во кои околности некои признанија треба да се направат пред други луѓе, и зошто?**
3. **Зошто е важно признавањето да биде јасно и конкретно?**
4. **Опиши ја опасноста од самооправдувањето.**
5. **Кој е резултатот од понизното признавање?**

# ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 1 август 2026.






## Оддел за образование при Генералната конференција

„Поучи го момчето во почетокот на патот негов: тој нема да скршне од него и кога ќе остари“ (Изреки 22:6).

Живееме во свечени времиња. Среде општество кое станува сè посекуларизирано, одговорноста да ги воспитуваме нашите деца и млади во страв Господов е поитна од кога било. Како родители, воспитувачи и членови на Христовото тело, имаме света мисија да подготвиме генерација која ќе може да ја брани верата со цврстина, понизност и длабоко осведочување.

„Науката на вистинското образование е вистината, која треба длабоко да се всади во срцето, така што нема да може да ја искорени заблудата која се шири насекаде.“ — *Сведоштва за црквата, том 6, стр. 131.*

Во овој контекст, Образовниот оддел при Генералната конференција вредно работи на зајакнување и проширување на нашите мисионски училишта низ целиот свет. На многу од нашите образовни центри им недостига соодветна инфраструктура, современи наставни програми и материјали приспособени на духовните потреби на нашите ученици. Покрај тоа, неколку земји побараа отворање нови образовни установи што ќе промовираат не само академско знаење, туку и начелата на вечното евангелие.

Затоа, овој посебен дар ќе поддржи три клучни области:

1.Преструктуирање на постојните мисионски училишта;

2.Основање нови училишта во региони каде што е потребен пристап до христијанско образование на РДАСД;

3.Унапредување на проектот за превод и приспособување на образовните материјали што ги развива нашиот педагошки тим, за да можат да служат и во световни и во мисионски училишта, на различни јазици и во различни културни околности.

„Воспитувањето е обучување за служба. Секој Божји син и ќерка е повикан да биде мисионер; повикани сме да Му служиме на Бога и нашите ближни; и целта на нашето воспитување треба да биде пракса, која ќе нè оспособи за оваа служба.“ — Здравје и среќа, стр. 395.

Затоа ве повикуваме, драги браќа и сестри, да го принесете својот дар великодушно и со мисионска визија. Вложувањето во образованието на нашите деца и млади е вложување во иднината на црквата, во објавувањето на евангелието и во конечната жетва.

Нека Господ го умножи вашиот прилог и нека ја зајакне оваа суштински важна служба — и нека нашите училишта навистина бидат светила што светат во темнината, подготвувајќи верна генерација за скорото враќање на нашиот Спасител.

*— Оддел за образование при Генералната конференција*

# Посветување

**Запомнете го стихот:** „Ќе Ме побарате, и ќе Ме најдете, ако Ме побарате од сè срце“ (Еремија 29:13).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, петто поглавје, стр. 43–48.*

„Ние не сме во состојба со наша сила да опстанеме во борбата; а сè што ги изделува мислите од Бога и води кон самоувереност и извишување, сигурно го подготвува патот за нашиот пораз. Целта на Библијата е да ни влее недоверба во човечката, а да нè поттикне кон доверба во Божјата сила.“ — ***Патријарси и пророци**, стр. 717.*

## 1. БОРБАТА ПРОТИВ САМИОТ СЕБЕ — Недела, 26. јули

**а. Како Павле ја опишал христијанската борба и опремата што ни е потребна за неа? Ефесјаните 6:12–18.**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

„Сатаната го напаѓал Христа со најжестоки и најлукави искушенија, но во секој судир бил одбиен. Овие битки се водени заради нас; овие победи ни овозможуваат и ние да победиме. Христос ќе им даде сила на сите што ја бараат. Ниеден човек не може да биде совладан од сатаната без своја сопствена согласност. Искушувачот нема власт над човечката волја ниту може душата да ја присили на грев. Тој може да ја мачи, но не може да ја извалка. Тој може да предизвика душевен страв, но не може да опогани. Фактот дека Христос го победил треба да ги поттикне Неговите следбеници храбро да се борат во борбата против гревот и сатаната.“ — *Големата борба, стр. 510.*

**б. Каде сатаната се обидува да воспостави целосна власт? Изреки 4:23.**

______________________________________________________________________________

„Човекот е онаков како што мисли во своето срце. Срцето мора да биде обновено од Божјата милост, зашто без тоа истото напразно ќе копнее за чистота во животот. Оној што се труди независно од Христовата милост да изгради благороден карактер полн со доблести, ѕида куќа на песок. Во жестоката луња на искушенијата таа куќа сигурно ќе се урне.“ — *Патријарси и пророци, стр. 460.*

**а. Од што мораме да се откажеме ако сакаме да бидеме Христови ученици? Лука 14:33; Матеј 6:24.**

„Давајќи му се себеси на Бога, ние безусловно мораме да го отфрлиме сето она што би можело да нè одвои од Него. Затоа Спасителот вели: „Така, секој од вас кој нема да се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик”. (Лука 14:33). Мораме да се откажеме од сето она што би можело нашето срце да го одврати од Бога. Мамонот е идол на мнозина. Љубовта кон парите, желбата за богатство, е златен синџир што ги врзува за сатаната. Други обожуваат углед и световна чест. Животот исполнет со себично безделничење и не- оптоварен со одговорности е идол на трети. Но овие ропски окови мораат да се раскинат. Не можеме половично да му припаѓаме на Господа, а половично на светот. Ние не сме Божји деца ако не сме тоа во целост.“ — *Патот кон Христа, стр. 44.*

**б. Каков божествен повик Господ им упатува на сите што посакуваат обновување на срцето и животот? Исаија 1:18; Еремија 29:13; Јаков 4:7–10.**

---

„Божјото владеење не е втемелено, како што тоа би сакал да го прикаже сатаната, на слепо покорување, на неразумно ограничување. Тоа повикува на разумот и совеста. 'Ајде дојдете да резонираме заедно', (Исаија 1:18) е повикот на Творецот кон суштествата што ги создал. Бог не влијае насилно врз волјата на своите суштества. Тој не може да ги прифати изразите на почитување кои не се поттикнати доброволно и свесно. Изнудената потчинетост би го спречила вистинскиот развој на умот или карактерот; би направила од човекот најобичен автомат. Тоа не е целта на Творецот. Тој сака човекот, врвното дело на Неговата творечка сила, да го достигне највисокиот степен на развој. Тој пред нас ја поставува височината на благословот до кој сака да нè воздигне преку Својата благодат. Тој нè повикува да му се предадеме, за да може да ја оствари Својата волја во нас.“ — *Патот кон Христа, стр. 43, 44*.

„Христос се открил како Спасител на луѓето. Луѓето не требало да се потпираат на своите дела, на својата праведност или на себе на каков било начин, туку на Божјото Јагне, Кое ги зема врз Себе гревовите на светот. Тој е откриен како Застапник пред Отецот. Преку Него е упатен повикот: 'Тогаш дојдете и ќе се пресуди, вели Господ. Гревовите ваши да се и алово црвени - како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур - како волна ќе станат бели.' Овој повик на сличен начин одекнува и до нас денес. Да не дозволиме гордоста, самодовербата или самоправедноста да спречат некого да го признае својот грев, за да може да се повика на ветувањето. — *Fundamentals of Christian Education, стр. 239.*

**а. Што Му дало право на Христос да ги одведе Своите деца на небото? Колосјаните 1:14; Евреите 7:25.**

---

„Среде страшната темнина, привидно напуштен од Бога, Христос ги испил последните капки од чашата на човечката болка. Во тие ужасни часови Тој се потпирал на доказите кои Таткото дотогаш му ги дал за тоа дека Го прифаќа. Тој го познавал карактерот на Својот Татко. Ја разбирал Неговата правда, милост и Неговата голема љубов. Со вера се потпирал на Бога, Кого секогаш со радост го слушал. Кога покорно се предал на Бога, исчезнало она чувство дека ја изгубил наклонетоста на Таткото. Со вера, Христос бил победник.“ — *Копнежот на вековите, стр. 756.*

„Давајќи го Исуса, Бог го дал целото Небо. Од човечка гледна точка, таквата жртва претставувала безгрижно растурање. Според човечки мерила, целокупниот план на спасение претставува растурање на милост и ресурси. Насекаде наидуваме на самооткажување и сесрдна жртва. Небесната војска навистина има право со чудење да го набљудува човечкото семејство кое одбива, да се воздигне и да се збогати со неизмерната љубов изразена во Христа. Таа навистина може да извикне ’Зошто толку големо растурање?’

Меѓутоа, помирувањето за еден изгубен свет требало да биде целосно, изобилно и комплетно. Христовата жртва била толку голема, што била доволна за секоја душа што ја создал Бог. Таа не можела да се ограничи, така што нема да го пречекори бројот на оние кои сакаат да го примат големиот Дар. Сите луѓе не се спасени, меѓутоа планот на откупување не е растурање, бидејќи не го остварува сето она што толку дарежливо истиот го овозможил. Мора да има доволно, дури и да остане.“ — *Копнежот на вековите, стр. 565.*

**б. Што бара Исус од сите што сакаат да станат Негови деца и да бидат способни да го примат Светиот Дух? Изреки 23:26.**

---

„Исус со сочувство и нежност чека да ги слушне признанијата на заблудените и да го прифати нивното покајание. Тој очекува од нив макар и најмал одговор на благодарност, како што мајката ја очекува насмевката на препознавање од своето сакано дете. Големиот Бог нѐ учи да Го нарекуваме Отец. Тој сака да разбереме колку искрено и нежно Неговото срце копнее по нас во сите наши искушенија и неволји.“ — *Gospel Workers, p. 210.*

„А од што се откажуваме ние кога ќе дадеме сѐ? Од осквернетото со грев срце, за Христос да го очисти, да го испере со Својата крв и да го спаси со Својата ненадмината љубов. Но сепак луѓето мислат дека е тешко да се откажеме од сѐ! Се срамам да слушам кога се зборува за тоа, се срамам да пишувам за тоа.“ — *Патот кон Христа, стр. 46.*

**а. Која била Павловата искрена желба за верниците? Римјаните 12:1; 1 Солуњаните 5:22,23.**

„Иако овие зборови се упатени кон стариот Израел, тие содржат поука и за денешниот Божји народ. Кога апостолот апелира до своите браќа да ги принесат телата свои како „жртва жива, света и благоугодна на Бога“, тој ги изнесува начелата на вистинското посветување. Тоа веќе не е теорија, емоција или игра со зборови, туку живо, активно начело внесено во секојдневниот живот. Тоа бара нашите навики во јадењето, пиењето и облекувањето да бидат такви што ќе обезбедат заштита на физичкото, духовното и моралното здравје, за да можеме пред Бога да ги принесеме нашите тела — не како жртва расипана од лошите навики, туку како ʼжртва жива, света и благоугодна на Бога.ʼ“ — *Посветен живот, стр. 28.*

„Сите ние треба со сето свое битие да ѝ се посветиме на Божјата служба и да се трудиме таа жртва да ја сториме колку што е можно посовршена. Бог ќе биде задоволен само тогаш ако му го дадеме најдоброто што го имаме. Секој оној што го љуби со сето срце, ќе сака да му го посвети најдобриот дел на својот живот и постојано ќе се труди сите сили на своето битие да ги доведе во хармонија со законите на природата, со што неговите умни и духовни способности, како и подготвеноста да му послужи на Бога, ќе бидат потпомогнати.“ — *Патријарси и пророци, стр. 352.*

**б. Каков товар почувствувало мноштвото во своите срца кога го слушнало Петровиот говор на денот на Педесетница? Дела 2:37,38.**

„Сега слушале како учениците тврдат дека Оној што тие го распнале всушност е Божји Син. Свештениците и поглаварите се треселе. Народот бил возбуден и опфатен со болка. „А кога го чуја тоа, ги засегна во срцето и му рекоа на Петар и на другите апостоли: ‘Луѓе, браќа, што да правиме?’“ Меѓу оние што ги слушале учениците имало и побожни Евреи, искрени во своето верување. Силата што ги придружувала зборовите на говорникот ги убедила дека Исус навистина бил Месија... На оние што биле осведочени со вистината, Петар им го предочил фактот дека Христа го отфрлиле затоа што биле измамени од свештениците и поглаварите и дека никогаш нема да се осмелат да го примат ако и понатаму бараат совет од истите луѓе, очекувајќи претходно и тие да го примат. Овие властодршци, иако исповедале побожност, биле полни со амбиции за богатство и за световна слава. Тие не биле подготвени да му пристапат на Христа за да примат светлина.“ — *Делата на апостолите, стр. 43.*

## 5. ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДАВАЊЕТО

Четврток, 30. јули

**а. Што ни дава уверување дека можеме целосно да Му се посветиме на Господа и да бидеме способни да го носиме Христовиот лик? Филипјаните 2:12,13.**

„Бог не бара од вас да се плашите дека Тој нема да ги исполни Своите ветувања, дека ќе се измори во Своето трпение, дека ќе му недостигне сожалување. Всушност, треба да се плашите вашата волја да не и откаже покорност на Христовата волја и со вашиот живот да не завладеат вашите лоши наследени и стекнати карактерни особини. „Зашто Бог е Оној Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја". Би требало да се плашите меѓу вашата душа и вашиот голем Учител да не се испречи вашата стара природа; плашете се вашето „јас" да не ја осуети целта што Бог сака да ја постигнете; плашете се од преголемо потпирање врз своите сопствени сили; плашете се да не ја истргнете својата рака од Христовата рака и да се обидете да одите по животниот пат без Неговото постојано присуство." — *Христовите очигледни поуки, стр. 161.*

**б. Како можеме да ја одржиме цврстината на верата и целосното предавање на исправните начела? Галатјаните 2:20; Матеј 16:24,25.**

„Оние што сакаат да ги добијат благословите на посветувањето, мораат да го сфатат значењето на пожртвувањето. Христовиот крст е главен столб кој го држи 'вечното изобилство на славата'. — *Делата на апостолите, стр. 560.*

„Вие не можете да го измените своето срце, вие не можете сами од себе на Бога да му ги посветите чувствата на своето срце; но можете да одлучите да Му служите. Можете да Му ја предадете својата волја; тогаш Тој ќе дејствува во вас да сакате и да го правите она што Нему му е угодно...

Ако правилно се служите со својата волја, може да се случи целосна промена во вашиот живот. Ако својата волја му ја потчините на Христа, ќе се соедините со силата која е над сите поглаварства и власти. Ќе имате сила одозгора да останете постојани и така со постојано покорување на Бога ќе бидете оспособени да живеете нов живот, живот на вера." — *Патот кон Христа, стр. 47, 48.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 31. јули

**1. Што ни е неопходно за успех во борбата против непријателот на нашите души?**
**2. Која е вистинската борба што треба да ја водиме за да победиме веќе поразен непријател?**
**3. Што можеме да научиме од Христовиот дар за нашето спасение?**
**4. Која е Божјата намера за верниците, и во телесен и во духовен поглед?**
**5. Ако нашата волја е во согласност со Божјата волја, какво ќе биде нашето секојдневно искуство?**

# Вера и прифаќање

**Запомнете го стихот:** „Ќе ви дадам ново срце, и нов дух ќе ви дадам; ќе го земам од вашето тело каменото срце и ќе ви дадам срце од месо“ (Езекиел 36:26).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, шесто поглавје, стр. 49–55.*

„Вие не можете да се покаете за гревовите од минатото, не можете да го промените своето срце, не можете себеси да се направите свети. Но Бог ветува дека сето тоа ќе го стори за вас преку Христа.“ — *Патот кон Христа, стр. 51.*

## 1. ПРОСТУВАЊЕ И МИР — Недела, 2. август

**а. Кое е Божјото прекрасно ветување за простување и мир? 1 Јованово 1:9.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Ќе разберете дека вашиот живот бил полн со себичност и грев. Ќе копнеете за простување, за очистување, за ослободување. Складност со Бога, сличност со Него - што би можеле да направите за да го постигнете тоа?
Вам ви е потребен мир - небесно простување и мир и љубов во срцето. Тоа не може да се купи со пари, да се постигне со разум, до тоа не се доаѓа со мудрост; не можете да се надевате дека кога и да е, тоа ќе го обезбедите со своите сопствени напори. Но Бог тоа ви го нуди како подарок, ’без пари и без плаќање’ (Исаија 55:1). Сето тоа е ваше ако само ја подадете раката да го земете.“ — *Патот кон Христа, стр. 49.*

**б. Кое е другото важно ветување за преобразување на целото битие во нов човек, кој ќе биде во согласност со Бога? Езекиел 36:26.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Вие сте ги признале своите гревови и во срцето сте решиле да ги отфрлите. Сте донеле одлука да му се предадете на Бога. Појдете сега кај Него, молете Го да ги измие вашите гревови и да ви даде ново срце. Потоа верувајте тогаш дека Тој тоа го прави затоа што така ветил. Тоа е лекцијата што Исус ја поучувал додека бил на Земјата; ние мораме да веруваме дека навистина го примаме дарот што Бог ни го ветил и тогаш тој е наш.“ — *Патот кон Христа, стр. 49, 50.*

**а. Што му рекол Исус на парализираниот човек кај Витезда да направи, и што можеме да научиме од ова искуство? Јован 5:1–9.**

---

„Да го разгледаме извештајот за парализираниот во Витезда. Сиротиот страдалник бил сосема беспомошен; не се служел со нозете околу триесет и осум години. Сепак Исус му наредил: ’Стани земи ја својата постела и оди’ (Јован 5:8). Болниот можел да каже: ’Господе, ако ме излечиш, ќе го послушам Твојот збор’. Но, не, тој им верувал на Христовите зборови, верувал дека веќе е излечен и веднаш се обидел да оди; сакал да оди и одел. Го сторил тоа според зборовите на Христа, и Бог му дал сила. Бил излечен.“ — *Патот кон Христа, стр. 50.*

„Исус не му ветил божествена помош. Болниот би можел да се посомнева и на тој начин би ја пропуштил единствената можност да оздрави. Меѓутоа, тој верувал во Христовите зборови и постапувајќи според нив, добил сила.

Со истата вера и ние можеме да стекнеме духовно исцелување. Гревот не одвоил од животот во Бога. Нашите души се парализирани. Сами по себе, ние не сме во состојба да живееме свет живот, како што немоќниот човек не бил способен да оди. Многу луѓе увидуваат дека се беспомошни и копнеат по оној духовен живот, кој ќе ги доведе во склад со Бога; тие попусто се обидуваат да го постигнат тоа. Во очај, тие викаат: ’Беден човек сум јас! Кој ќе ме избави од ова смртно тело?’ (Римјаните 7:24) Нека тие луѓе, кои очајуваат и кои се борат, го подигнат својот поглед. Спасителот се наведнува над оние, кои ги откупил со Својата крв и со неискажана нежност и сочувство вели: ’Сакаш ли да оздравиш?’ Тој те повикува да станеш во здравје и мир.“ — *Копнежот на вековите, стр. 203.*

**б. Што му е ветено на грешникот преку Христа? 2 Летописи 7:14; Осија 14:4.**

---

„Вие не можете да се покаете за гревовите од минатото, не можете да го промените своето срце, не можете себеси да се направите свети. Но Бог ветува дека сето тоа ќе го стори за вас преку Христа. Вие морате да верувате во тоа ветување. Морате да ги признаете своите гревови и да му се предадете на Бога. Мора да сакате да Му служите. И штом го направите тоа, Бог ќе го исполни зборот што ви го дал. Ако верувате во ветувањето - верувате дека гревовите ви се простени и дека сте чисти - Бог така прави; вие сте излечени, исто како што Исус му дал сила на парализираниот да оди кога тој поверувал дека е излечен. Така е штом верувате во тоа.

Не чекајте да почувствувате дека сте излечени, туку речете: ’Верувам, тоа е така, не затоа што јас тоа го чувствувам, туку затоа што Бог така ветил’“ — *Патот кон Христа, стр. 50,51.*

**а. Кога ќе Го прифатиме Исуса како Спасител, што се случува со нашите поранешни гревови? Римјаните 3:24,25; 5:1,9,10.**

---

---

„Исус вели: 'Сè што барате во својата молитва верувајте дека го примивте и ќе ви биде' (Марко 11:24). Со ова ветување е поврзан и услов - да се молиме во согласност со Божјата волја. Меѓутоа, токму Божја волја е да нè исчисти од гревот, да нè направи Свои деца, и да нè оспособи да живееме свет живот. Така ние можеме да се молиме за тие благослови, да веруваме дека ги примаме и да му заблагодариме на Бога што сме ги примиле. Наша привилегија е што одиме кај Исус да се исчистиме и да стоиме пред Законот без срам или грижа на совеста." — *Патот кон Христа, стр. 51, 52.*

**б. Каков е положајот на верникот пред Бога? Римјаните 8:1.**

---

„Иако животот на еден христијанин се одликува со понизност, не би требало кај него да се види тага и самопотценување. Сите ние имаме предност да живееме таков живот, кој Бог може да го одобри и благослови. Нашиот небесен Отец не сака секогаш да се чувствуваме така како да сме во темнина или под некоја осуда. Не е доказ за вистинска понизност ако одиме со наведната глава, а срцето ни е исполнето со мисли за себе. Можеме да дојдеме кај Исуса и да бидеме очистени, и да застанеме без срам и грижа на совест пред Законот." — *Големата борба, стр. 477.*

„Кога Бог го оправдува грешникот, му ја простува казната што ја заслужил и постапува со него како никогаш да не згрешил. Го прима во божествена наклоност и го оправдува преку заслугите на Христовата праведност. Грешникот може да биде оправдан само преку вера во помирувањето што го извршил Божјиот возљубен Син, Кој станал жртва за гревовите на виновниот свет." — *Selected Messages, bk. 2, pp. 32, 33.*

**в. Каква промена треба да препознаат сите што влегле во овој заветен однос со Бога? 1 Петрово 1:18,19; 1 Коринтјаните 6:19,20; Галатјаните 3:26.**

---

---

„Затоа не сте свои; купени сте скапо. 'Вие не сте откупени со пропадливо сребро и злато ... туку со скапоцената крв на Христа како невино и пречисто Јагне' (1 Петрово 1,18,19). Со овој едноставен чин, верувајќи му на Бога, Светиот Дух зачнал нов живот во вашето срце. Вие како дете сте се родиле во Божјото семејство и Тој ве сака, како што го сака Својот Син." — *Патот кон Христа, стр. 52.*

## 4. ОДЕЊЕ СО ХРИСТА

**а. Какво однесување се очекува од верникот? Колосјаните 2:6.**

---

„Сега кога сте му се предале на Исус, не повлекувајте се, не заминувајте од Него, туку од ден на ден говорете: ’Јас сум Христов; јас му се предадов Нему!’ Молете Го да ви го подари својот Дух и да ве поддржува со Својата благодат. И како што сте станале Негово дете, предавајќи се себеси на Бога и верувајќи во Него, така и треба да живеете во Него. Апостолот вели: ’Како што го примивте Господа Исуса Христа, онака и живејте во Него!’ (Колосјаните 2:6).

Некои се чини како да мислат дека мораат да бидат ставени на проба, дека мораат да му докажат на Господа дека се промениле пред да можат да го побараат Неговиот благослов. Но Божјиот благослов тие можат да го бараат и сега. Ним им е потребна Неговата благодат, Христовиот Дух, да им помогне во нивните слабости или не ќе можат да му се спротивстават на злото. На Исус му е мило да дојдеме кај Него онакви какви што сме, грешни, беспомошни, зависни. Можеме да дојдеме со сите свои слабости, свои лудости, со својата грешност и покајнички да паднеме пред Неговите нозе! Нему му е мило да нѐ земе во прегратките на Својата љубов, да ги завитка нашите рани, да нѐ очисти од секоја нечистотија.“ — *Патот кон Христа, стр. 52.*

**б. Какво решение обезбедил Бог за грешките што ги правиме во процесот на учење? 1 Јованово 2:1,2.**

---

„Отфрлете го сомневањето дека Божјите ветувања се однесуваат и на вас! Тие му се упатени на секој грешник кој се кае. Христос дава сила и благодат што ангелите во службата им ги пренесуваат на секоја душа која верува. Никој не е толку грешен за да не може да најде сила, чистота и праведност во Христа кој умрел за него. Тој чека да му ја соблече облеката извалкана и оскверната со грев и да го облече во бела облека на праведност; Тој го повикува да живее, а не да умре.“ — *Патот кон Христа, стр. 52.*

**в. Објаснете на кој начин добиваме сила на овој пат. 1 Јованово 1:7; Галатјаните 5:16, 17, 25.**

---

„Оние кои одат по патиштата на мудроста се радуваат дури и во неволја, оти Оној кого нивната душа го љуби, иако невидлив, оди покрај нив. При секој чекор нагоре тие сѐ повеќе го чувствуваат допирот на Неговата рака, при секој чекор нивната патека ја осветлуваат сѐ посветлите зраци на славата на Невидливиот и нивните песни на благодарност се слушаат сѐ погоре придружувајќи и се на песната на ангелите пред Божјиот престол.“ — *Мисли од Горета на блаженствата, стр. 140.*

## 5. ОТКУПИТЕЛСКАТА ЉУБОВ НА ОТЕЦОТ — Четврток, 6. август

**а. Кои се условите под кои Бог нѐ прифаќа? Исаија 55:7; 44:22.**

„Бог не постапува со нас како што смртните луѓе постапуваат едни со други. Неговите мисли се мисли на милост, љубов и најнежно сочувство." — *Патот кон Христа, стр. 53.*

„Секој што ќе ја послуша опомената и со понизна душа ќе го признае својот грев и ќе се покае, како Давид, може да биде сигурен дека за него постои надеж. Секој кој со вера ќе ги прифати Божјите ветувања, ќе добие проштавање. Господ никогаш нема да ја отфрли душата која искрено се кае." — *Патријарси и пророци, стр. 726.*

**б. Каков е вистинскиот став на нашиот небесен Отец кон сите што застраниле? Езекиел 18:32; Лука 15:18–20.**

„Сатаната е готов да ви го оттргне погледот од Божјите блажени уверувања. Тој сака да ѝ ја одземе на душата секоја искра надеж и секој зрак на светлина; но вие не смеете да му го дозволите тоа. Не слушајте го, туку кажете: „Исус умрел за да можам јас да живеам. Тој ме сака и не сака да пропаднам..." Приказната ни покажува како и заскитаниот ќе биде примен: 'Додека уште беше далеку, татко му го виде и му се сожали та се стрча, го прегрна и го избакна' (Лука 15:20).

Меѓутоа, дури ни оваа приказна, иако така нежна и трогателна, не успева да го искаже бескрајното сочувство на небесниот Отец. Господ објавува преку својот пророк: 'Те љубам со вечна љубов и затоа со љубовна љубезност те привлеков' (Еремија 31:3). Додека грешникот е уште далеку од Татковата куќа и го расфрла својот имот во туѓа земја, татковото срце копнее по него; и секој пробуден копнеж на душата да му се врати на Бога не е ништо друго туку нежен повик на Божјиот Дух, кој преколнува, усрдно моли, привлекувајќи го загубениот да му се врати на Татковото срце, полно со љубов." — *Патот кон Христа, стр. 53, 54.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ — Петок, 7. август

**1.Со што се исполнува душата на оние чии гревови се простени?**
**2.Зошто парализираниот човек кај Витезда одеднаш можел да оди?**
**3.Кога Го прифаќаме Христа како наш Спасител, кое ветување станува наше?**
**4.Која е тајната на победоносното одење со Христа?**
**5.Опиши го контрастот помеѓу сатанската злоба и откупителчската љубов на Отецот.**

# Испитот на ученииштвото

**Запомнете го стихот:** „И така, кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото“ (2 Коринтјаните 5:17).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, седмо поглавје, стр. 57–65.*

„Карактерот не се открива преку повремени добри дела и повремени погрешки, туку преку насоката на нашите вообичаени зборови и дела.“ — *Патот кон Христа, стр. 57- 65.*

## 1. ДЕЛОТО НА ДУХОТ

Недела, 9. август

**а. Каква поука ни дал Христос опишувајќи го делото на обратувањето? Јован 3:5–8.**

________________________________________________________________

„Некој можеби не ќе може да го наведе точното време и место на своето обратување, или сите околности кои довеле до него; но тоа не докажува дека не се обратил... Како невидливиот ветер, чие делување јасно се гледа и се чувствува, така и Божјиот Дух работи на човечкото срце. Таа обновувачка сила, која ниедно човечко око не може да ја види, зачнува нов живот во човекот; создава нов лик по Божјиот облик.“ — *Патот кон Христа, стр. 57.*

**б. Какви промени ќе се видат во животот на оној што е вистински обратен? Римјаните 12:9–18; 2 Коринтјаните 5:17.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Иако ние самите не можеме ништо да сториме да го промениме своето срце, или пак себеси да се доведеме во склад со Бога, иако не смееме да се потпираме на себеси или на своите добри дела, нашиот живот ќе покаже дали Божјата благодат пребива во нас. Ќе се види промена во карактерот, навиките и стремежите. Ќе се види јасна разлика меѓу она што тие биле и она што се сега...

Вистина е дека луѓето можат наизглед беспрекорно да се однесуваат и без Христовата обновувачка сила. Желбата за влијателност во општеството и за почит од другите може да го поттикне некого да живее уреден живот. Самопочитувањето може да нè натера привидно да се чуваме од злото. И себичното срце може да прави великодушни дела. На кој начин тогаш можеме да заклучиме на чија страна сме?

Кому му припаѓа нашето срце? Кому му се посветени нашите мисли?“ — *Патот кон Христа, стр. 57, 58.*

**а. Каков плод донесуваат оние што се исполнети со Духот? Галатјаните 5:22, 23.**

---

„Оние кои стануваат нови суштества во Исуса Христа ќе донесуваат и плодови на Духот... Она што некогаш го мразеле, сега го сакаат, а она што некогаш го сакале сега го мразат. Горделивите и наметливите сега стануваат кротки и понизни. Суетните и дрските сега стануваат сериозни и скромни. Пијаниот станува трезен, а разузданиот чист. Суетните обичаи и световни стилови се отфрлени настрана. Христијаните нема да копнеат по 'надворешното украсување', туку по 'скриениот човек на срцето, непропадливиот украс на кроткиот и мирен дух' (1 Петрово 3:3, 4)." — *Патот кон Христа, стр. 58, 59.*

„Влијанието на Светиот Дух го претставува Христовиот живот во душата. Ние сега не Го гледаме Христа ниту разговараме со Него, но Неговиот Свети Дух ни е исто толку близок и пристапен на секое место. Тој делува во и преку секој кој Го прима Христа. Оние во кои престојува Светиот Дух, ги откриваат духовните плодови – љубов, радост, мир, долготрпеливост, љубезност, добрина, вера." — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, p. 1112*

**б. Што е доказ за вистинско покајание? Езекиел 33:14,15.**

„Нема никаков доказ дека покајанието е искрено ако не донесе реформа. Ако грешникот го обнови заветот, го врати она што го одзел, ги признае своите гревови, и почне да го сака Бога и своите ближни, може да биде сигурен дека преминал од смрт во живот.

Кога како заблудени грешни суштества ќе дојдеме кај Христа и ќе добиеме простување и благодат, љубовта се раѓа во нашето срце. Секој товар ни е лесен; бидејќи е лесен јаремот што го нуди Христос. Должноста станува уживање, а жртвата задоволство. Патот кој порано ни се гледаше мрачен, сега е осветлен со зраците на Сонцето на Праведноста.

Милноста на карактерот Христов ќе се види и кај Неговите следбеници. Нему му беше задоволство да ја исполнува Божјата волја. Љубовта кон Бога, ревнувањето за Неговата слава, тоа е силата што управувала со животот на нашиот Спасител. Љубовта ги разубавила и облагородила сите Негови постапки. Љубовта е од Бога. Таа не може да се зачне во непосветено срце, не може да се создаде. Таа се наоѓа единствено во срцето во кое владее Исус. „Ние имаме љубов кон Него, зашто Тој прво нè возљуби нас" (1 Јованово 4:19). Во срцето кое е обновено со Божјата благодат, љубовта е правило на однесување. Таа го менува карактерот, управува со мотивите, владее со страстите, го отстранува непријателството, ги облагородува чувствата. Оваа љубов ако се негува во срцето, го разубавува животот и насекаде околу себе шири благородно влијание." — *Патот кон Христа, стр. 59.*

**а. Кои опасни заблуди ги прифаќаат многу таканаречени христијани? Филипјаните 3:9; Римјаните 10:3; Јаков 2:17.**

„Постојат две заблуди од кои Божјите деца - особено оние кои само што почнале да се потпираат на Неговата благодат – посебно мораат да се чуваат. Првата, за која веќе се зборуваше, е гледањето на своите дела, верување во она што тие дела можат да сторат за да нè доведат во склад со Бога. Оној што се обидува да стане свет со своите дела, со држење на Законот, се обидува да стори нешто што е невозможно. Сè што би можел човекот да направи без Христа е извалкано со себичност и грев. Само Христовата благодат, преку вера, може да нè стори свети.
Втората, не помалку опасна крајност е заблудата дека верувањето во Христа го ослободува човекот од држењето на Законот; и дека, нашите дела немаат никакво влијание врз нашето спасение бидејќи само со вера ја добиваме Христовата благодат.“ — *Патот кон Христа, стр. 60.*

**б. Како новозаветното ветување јасно покажува дека Христовата благодат не нè ослободува од послушност кон Божјиот закон? Евреите 8:10; 10:16.**

„Божјиот закон е израз на Неговата вистинска природа; тој е олицетворение на големото правило на љубовта и според тоа темел на Неговото владеење на Небото и Земјата. Ако нашите срца се обновени според ликот на Бога, ако Божјата љубов е всадена во нашата душа, нема ли и Божјиот закон да се остварува во нашиот живот? Ако начелото на љубовта е всадено во срцето, ако човекот е обновен по ликот на Оној што го создал, тогаш е исполнето и новозаветното ветување: ’Ќе ги ставам Моите закони во нивните срца и ќе ги напишам во нивните мисли’ (Евреите 10:16). А ако Законот е впишан во срцето, зарем тој нема да го обликува животот? Послушноста, служењето и верноста од љубов, се вистински знак дека сме Негови ученици.“ — *Патот кон Христа, стр. 60.*

„Бог денес го бара истото што го барал и од светиот пар во Едем — совршена послушност на Неговите барања. Неговиот закон останува ист во сите векови. Големото мерило на праведноста претставено во Стариот завет не е намалено во Новиот. Делото на евангелието не е да ги ослабне барањата на Божјиот свет закон, туку да ги издигне луѓето таму каде што ќе можат да ги држат неговите заповеди.
Верата во Христа што ја спасува душата не е онаква каква што многумина ја претставуваат. ’Верувај, верувај’, велат тие, ’само верувај во Христа и ќе бидеш спасен; тоа е сè што треба да правиш.’ Иако вистинската вера целосно се потпира на Христа за спасение, таа ќе доведе до целосна усогласеност со Божјиот закон.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, p. 1073.*

**а. Што се очекува од оние што сакаат да добијат вечен живот? 1 Јованово 5:2,3; 1 Коринтјаните 7:19.**

„Ако Му се предадете Нему и ако Го прифатите за свој Спасител, заради Него ќе бидете прогласени за праведни без оглед на сета грешност од поранешниот живот. Христовиот карактер ќе застане на местото на вашиот карактер и вие ќе бидете прифатени пред Бога како никогаш да не сте грешеле.

И повеќе од тоа, Христос го менува срцето. Тој со вера живее во вашето срце. Со вера и постојано потчинување на својата волја на Христа треба да ја одржувате оваа врска со Него; и сè додека го правите тоа, Тој ќе делува на вас да го сакате и да го правите она што Му е пријатно. И така можете да кажете: ’А животот што сега го живеам во телото, го живеам преку вера во Божјиот Син, Кој ме возљуби, и се предаде Себеси за мене’ (Галатјаните 2:20). Така Исус им рекол на Своите ученици: ’Зашто нема да зборувате вие, туку од вас ќе зборува Духот на вашиот Отец’ (Матеј 10:20). И тогаш, кога Христос работи во вас, вие ќе покажете ист дух и ќе правите исти дела - дела на праведност и послушност.

Според тоа, во себе немаме ништо со што би можеле да се фалиме. Немаме никаква причина да се воздигнуваме себеси. Единствена основа на нашата надеж е Христовата праведност што ни е дадена, и тоа што Неговиот Дух го прави во нас и преку нас.“ — *Патот кон Христа, стр. 62,63.*

**б. Иако Господ им овозможил спасение на сите, зошто некои не успеваат да го пронајдат патот? Ефесјаните 2:8, 9; Дела 4:12; Римјаните 9:30–33.**

„Наместо да нè ослободи од послушноста, токму верата, и само верата нè прави учесници во Христовата благодат, што нè оспособува да бидеме послушни...

Онаа таканаречена вера во Христа која тврди дека го ослободува човекот од должноста да му биде послушен на Бога, не е вера туку дрскост. ’Зашто сте спасени со благодатта преку верата’. Меѓутоа ’верата, ако нема дела, е мртва по себе’ (Ефесјаните 2:8; Јаков 2:17). Пред да дојде на Земјата, Исус рекол за себе: ’Мило ми е да ја творам волјата Твоја, Боже мој, и Законот Твој е во моето срце’ (Псалм 40:8). Непосредно пред своето повторно заминување на Небо, Тој објавил: ’Јас ги запазив заповедите на мојот Отец и останувам во Неговата љубов’ (Јован 15:10). Писмото вели: ’Ние знаеме дека го познаваме ако ги држиме Неговите заповеди... Кој тврди дека пребива во Него, и тој треба да живее така како што живеел Тој’ (1 Јованово 2:3-6). ’Зашто и Христос пострада за нас и нам ни остави пример да одиме по Неговите стапки’ (1 Петрово 2:21).“ — *Патот кон Христа, стр. 60,61.*

## 5. ЖИВЕЕЊЕ ПРЕКУ ВЕРА

Четврток, 13. август

**а. Како апостол Павле живеел победоносен живот? 1 Коринтјаните 15:30, 31.**

---

„Со вера и постојано потчинување на својата волја на Христа треба да ја одржувате оваа врска со Него; и сѐ додека го правите тоа, Тој ќе делува на вас да го сакате и да го правите она што Му е пријатно.“ — *Патот кон Христа, стр. 62.*

„Христос во Својата човечка природа изградил совршен карактер и тој карактер Тој ни го нуди и нам. ’Сите ние станавме како нечист човек, и секоја наша правда - како извалкана облека’ (Исаија 64:6). Сè што можеме да сториме ние самите е извалкано со грев. Но Божјиот Син ’се јави за да ги земе нашите гревови; а грев во Него нема’... Христос бил послушен кон сите барања на законот. Самиот за Себе рекол: ’Со задоволство ќе ја исполнам волјата Твоја, Боже мој; Твојот Закон е во срцето мое’ (Псалм 40:8)... Со Својата совршена послушност Христос на секое човечко суштество му овозможил да ги почитува Божјите заповеди. Кога ќе му се предадеме на Христа, срцето се соединува со Неговото срце, волјата се спојува со Неговата волја, умот станува едно со Неговиот ум, мислите се заробуваат покорувајќи се Нему; ние живееме Негов живот. Тоа значи дека сме облечени во облеката на Неговата праведност.“ — *Христовите очигледни поуки, стр. 311.*

**б. Каква радост изразил псалмистот во својот живот? Псалм 119:97.**

---

„Кога зборуваме за верата, мораме да имаме на ум една разлика. Имено, постои еден вид верување кое целосно се разликува од верата. Постоењето на Бога и Неговата моќ, вистината на Неговите зборови, сето тоа се факти што ни сатаната и неговата војска не можат сериозно да ги негираат. Библијата вели дека и ѓаволите веруваат и се тресат, но тоа не е вера. Таму каде што постои не само верување во Божјото слово, туку и прифаќање на Неговата волја, каде што срцето му се потчинило Нему, чувствата се насочиле кон Него, таму е верата - верата која работи низ љубовта и ја чисти душата. Со таа вера во срцето се обновува Божјиот лик.“ — *Патот кон Христа, стр. 63.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 14. август

1. **Опиши ги доказите за обратувањето.**
2. **Која е разликата помеѓу стариот и новиот човек?**
3. **Објасни две опасности што треба да ги избегнуваме во нашиот духовен живот.**
4. **Кога живееме под благодат, кое е местото на послушноста?**
5. **Кои мисли, желби и побуди ги негуваме кога Христос пребива во срцето?**

# Растење во Христа

**Запомнете го стихот:** „Да им соопштам на оние што тагуваат на Сион дека ним место пепел ќе им се даде украс, место плачење - мирисно масло на радост, место опаднат дух -славна облека; и ќе ги наречат дабови на правда, градина на Господ за Негова слава“ (Исаија 61:3).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, осмо поглавје, стр. 67–75.*

„За да можете да живеете свет живот, зависите од Христа како што прачката зависи од лозата за да расте и да донесе род.“ — *Патот кон Христа, стр. 68.*

## 1. КЛУЧЕВИ ЗА РАСТОТ

Недела, 16. август

**а. На кој начин Светото писмо го прикажува христијанскиот развој? Исаија 61:3; 1 Петрово 2:2; Ефесјаните 4:14,15; Марко 4:26,27.**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Сета човечка мудрост и знаење не можат да вдахнат живот ни во најмалиот предмет во природата. Само со животот кој самиот Бог го вдахнал, можат да живеат и растенијата и животните. Исто така само со животот од Бога се зачнува духовниот живот во човечкото срце.“ — *Патот кон Христа, стр. 67.*

**б. Што ни покажува дека во нашиот раст и развој зависиме од Христа? Осија 14:5–7; 1 Коринтјаните 3:6,7.**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Со ненадминливиот дар на Својот Син, Бог го опкружил светот со атмосфера на благодат исто така вистинска како што е воздухот кој кружи околу земјината топка. Сите кои ќе решат да ја вдишуваат таа животодавна атмосфера ќе живеат и ќе израснат до висината на растот човечки во Исуса Христа.

Како што цветот се врти кон сонцето, за блескавите зраци да можат да му помогнат во усовршувањето на убавината и симетријата, така и ние мораме да се свртиме кон Сонцето на праведноста за да може небесната светлина да нè осветли и да го развие нашиот карактер по примерот на Христа.“ — *Патот кон Христа, стр. 68.*

**а. Која важна вистина им ја нагласил нашиот Господ на Своите ученици непосредно пред да ја заврши Својата земна служба? Јован 15:4–7.**

„Многумина сметаат дека еден дел од работата можат да ја извршат сами. Тие му се довериле на Христа за да добијат простување на гревот, но сега се трудат да живеат праведно со свои напори. Меѓутоа секој таков напор е залуден. Исус вели: 'Без Мене не можете да направите ништо!' Нашето растење во благодатта, нашата радост, нашата корисност - сето зависи од нашето единство со Христа. Само тогаш, ако секој ден и секој час сме во заедница со Него - само ако живееме во Него, ќе можеме да растеме во благодатта. Тој не е само 'Зачетник' туку и 'Извршител' на нашата вера! Христос е прв, последен и секогаш. Тој мора да биде со нас не само на почетокот и на крајот на нашиот пат, туку и на секој чекор во животот." — *Патот кон Христа, стр. 69.*

„Ако сте подготвени во Христовата школа да се учите на кротост и понизност во срцето, Тој сигурно ќе ви даде мир и спокојство. Борбата да се откажете од својата волја и од својот пат е ужасно тешка. Но кога ќе ја научите оваа лекција, ќе најдете мир и спокојство. Гордоста, себичноста и славољубието мора да бидат победени. Вашата волја мора да биде потчинета и целосно да се соедини со Христовата волја. Целиот живот може да стане непрекината жртва на љубовта; секое дело — појава на несебичност, а секој збор — израз на љубов. Како што животниот сок на лозата струи низ стеблото и гроздовите, се спушта до најдолните влакненца и стигнува до најгорниот лист, така Христовата благодат и љубов ќе горат и ќе изобилуваат во душата, испраќајќи ги своите доблести во секој дел од битието и проникнувајќи ја секоја активност на телото и умот." — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 5, pp. 1091, 1092.*

**б. Која е тајната на растењето во Христа? Колосјаните 2:6; Евреите 10:38.**

---

„Вие себеси сте му се предале на Бога да бидете потполно Негови, да Му служите и да Го слушате, и сте го прифатиле Христа како свој Спасител. Вие не сте можеле сами да ги окаете своите гревови или да го промените своето срце; но вие себеси сте се предале на Бога, верувајќи дека Тој поради Христа, сето тоа го сторил за вас. Со вера сте станале Христови, и со вера треба да растете во Него - давајќи и земајќи. Вие треба да дадете сè - своето срце, својата волја, својата служба - себеси да му се предадете Нему и да бидете послушни на сите Негови барања; вие морате и да земете сè - Христа, полнината на сите благослови, да живее во вашето срце, да биде ваша сила, ваша праведност, ваш вечен Помошник - да ви дарува моќ да бидете послушни." — *Патот кон Христа, стр. 69, 70. [Курзив од авторот.].*

**а. Која е првата должност на Божјите деца на почетокот од секој ден? Псалм 5:3.**

---

„Наутро посветете му се на Бога; тоа нека ви биде прва работа. Вашата молитва нека ви биде: Земи ме, о Господе, потполно да бидам твој! Сите мои планови ги ставам пред Твоите нозе. Употреби ме денес во Твоја служба. Биди со мене и целото мое дело нека се врши во Тебе! Така треба да биде секој ден. Секое утро посветувајте му се себеси на Бога за тој ден. Изнесете му ги сите свои планови со цел Неговото провидение да покаже дали треба да ги оствариме или отфрлиме. И така, од ден на ден, својот живот ќе го предавате во Божјите раце; така вашиот живот ќе се обликува да биде сè посличен на Христовиот живот.“ — *Патот кон Христа, стр. 70.*

**б. Кој повик Христос ни го упатува секој ден? Матеј 11:28,29.**

---

„Животот во Христа е живот исполнет со спокојство. Можеби во него нема да има занес на чувствата, но ќе има постојана, спокојна доверба. Вие не се надевате во себе туку во Христа! Вашата слабост е соединета со Неговата сила, вашето незнаење со Неговата мудрост, вашата кревкост со Неговата издржливост. И така не треба да гледате на себе, не треба да се занимавате со себе, туку гледајте на Христа! Вашите мисли нека се занимаваат со Неговата љубов, убавина и совршенство на Неговиот карактер. Христос во своето самооткажување, Христос во своето понижување, Христос во својата чистота и светост, Христос со својата неспоредлива љубов, е тема за која треба да размислувате. Сакајќи го Него, следејќи го Него, целосно потпирајќи се на Него, вие ќе се преобразите и ќе му станете слични Нему.“ — *Патот кон Христа, стр. 70.*

**в. Што е клучот за стекнување душевен мир? Исаија 26:3,4; 30:15.**

---

„Оние кои се држат за Христовата Реч и ја предаваат својата душа на Негова грижа и својот живот на Неговото водство ќе најдат мир и спокојство. Ништо од овој свет не може да ги растажи, бидејќи Исус ги прави радосни со Своето присуство. Во совршеното помирување се наоѓа совршен мир... Нашиот живот може да ни изгледа многу замрсен, но ако се довериме на грижата на мудриот Бог, Тој ќе креира модел на живот и карактер, кои ќе бидат на Негова слава...
Кога ќе примиме мир преку Христа, овде за нас започнува Небото. Ние одговараме на Неговиот повик: 'Дојдете, и поучете се од мене' и така Доаѓајќи ние го започнуваме вечниот живот..“ — *Копнежот на вековите, стр. 331.*

**а. Каков ќе биде резултатот ако нашите мисли се задржуваат на Исус наместо на самите себе? 2 Коринтјаните 3:18.**

---

„Гледајќи постојано на Исуса со окото на верата ние стануваме посилни. Бог ќе му даде најдрагоцени откровенија на Својот гладен и жеден народ. Таквиот ќе увиди дека Христос е личен Спасител. Кога се хранат со Неговата Реч, луѓето увидуваат дека таа е дух и живот. Речта ја уништува вродената земна природа и дава нов живот во Исуса Христа. Светиот Дух Доаѓа како Утешител на душата. Со помош на Неговата благодат што преобразува, во ученикот се репродуцира Божјиот лик и тој станува ново создание. Љубовта Доаѓа на местото на омразата, а срцето станува слично на Бога.“ — Копнежот на вековите, стр. 391.

„Кога сме преокупирани со себе, нашиот ум се одвраќа од Христос, Изворот на силата и животот. Затоа сатаната постојано се труди да го одвлече нашето внимание од Спасителот, за да ја спречи врската на душата со Христос и нејзиното единство со Него. Задоволствата на светот, животните грижи, несигурноста, жалостите, маните на другите, како и нашите сопствени мани и недостатоци — сето тоа се работи кон кои тој сака да ги насочи нашите мисли. Тој ќе се обиде да нè задржи на една од нив, или на сите заедно. Затоа не дозволувајте да ве измамат неговите лукавства. Мнозина што се искрени, будни и сакаат да живеат за Бога, сатаната често ги наведува да се занимаваат со своите мани и слабости. Така, одвојувајќи ги од Христос, се надева дека ќе извојува победа над нив. Не смееме самите себеси да станеме центар на нашите мисли, па постојано да се грижиме и да се плашиме дали ќе бидеме спасени. Сето тоа нè оддалечува од Изворот на нашата сила. Препуштете Му ја на Бога грижата за себе и имајте доверба во Него. Разговарајте за Исус и мислете на Исус. Нека вашето ’јас’ се изгуби во Него.“ — *Патот кон Христа, стр. 71.*

**б. Што можеме да научиме од промената што се случила кај учениците откако биле со Христа во секојдневната мисионска работа? Дела 4:13.**

„Гледајќи го секогаш Него ’ние се преобразуваме во истиот лик од слава во слава, како што го прави тоа Господовиот Дух’ (2 Коринтјаните 3:18). Токму на тој начин првите ученици му станале слични на својот сакан Спасител. Кога тие ученици ги чуле Исусовите зборови, почувствувале потреба за Него. Тие Го барале, Го нашле и Го следеле. Биле со Него дома, крај трпеза, в клет, в поле. Биле со Него како ученици со Учителот, секој ден примајќи од Неговите усни поуки за светата вистина. Гледале во Него како слуги во својот господар, да ја дознаат својата должност. Тие ученици биле луѓе ’подложни на слабости како и ние’ (Јаков 5:17). И тие морале да водат иста борба со гревот. Им била неопходна истата благодат за да живеат свет живот.“ — *Патот кон Христа, стр. 72, 73.*

## 5. ВЕТУВАЊЕ ЗА НАС

Четврток, 20. август

а. **Кое прекрасно ветување им го оставил Исус на Своите следбеници кои се соочуваат со предизвиците на непријателскиот свет? Матеј 28:20.**

______________________________________________

„Кога Христос се вознесе на Небото, Неговите следбеници чувствуваа како Тој и понатаму да е со нив; дека е лично присутен, полн со љубов и светлина. Исус, Спасителот кој одел и разговарал со нив, се молел за нив, им ги кажувал зборовите на надеж и утеха на нивните срца, бил однесен од нив на Небото, и од облакот на ангелите што го опкружиле одекнал звук на Неговиот глас: - 'И еве Јас сум со вас во сите дни до крајот на светот!' (Матеј 28:20).“ — *Патот кон Христа, стр. 73, 74.*

б. **Кое важно упатство им оставил Исус на Своите ученици за да знаат што да прават во време на потреба? Јован 16:23,24; 14:16–18.**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

„Кога се собрале по вознесението, силно посакувале своите молби да му ги изнесат на Отецот во Исусово име.... Ја издигнувале раката на верата сè повисоко и повисоко, со моќно образложение: 'Исус Христос, кој умре, па уште и воскресна, кој е од десната страна на Бога и се моли за нас' (Римјаните 8:34). Денот Педесетница им го донел присуството на Утешителот, за кој Христос рекол дека 'ќе биде во вас'. Освен тоа додал: 'Подобро е за вас Јас да одам, зашто ако јас не одам, Утешителот нема да дојде кај вас, а ако одам, ќе го испратам кај вас' (Јован 14:17; 16:7). Од тогаш Христос требало постојано да живее со Духот во срцето на своите деца. Нивната врска со Него сега била потесна отколку кога Тој лично бил со нив. Од нив светела светлината, љубовта и силата на Христа кој живеел во нив, така што луѓето гледајќи ги нив, 'се восхитуваа и знаеја дека тие беа со Исуса' (Дела 4:13).“ — *Патот кон Христа, стр. 74.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 21. август 21

1. **Ако растеме како растенијата, зошто ни е потребна помош од небото?**
2. **Како што на растенијата им е потребен дожд за да растат, што ни е потребно нам за да растеме во Духот?**
3. **Што го прави секојдневното посветување важно за секој од нас?**
4. **Зошто Бог сака да го оставиме своето „јас“ настрана и секогаш да размислуваме за Исус?**
5. **Кое ветување треба да биде секојдневна реалност во животот на секој верник?**

САБОТА, 29. АВГУСТ 2026. 9. ЛЕКЦИЈА

# Делото и животот

**Запомнете го стихот:** „А на сите што Го примија - на сите што веруваа во Неговото име - им даде моќ да станат чеда Божји“ (Јован 1:12).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, деветто поглавје, стр. 77–83.*

„Духот на Христовата љубов, која себеси се жртвувала, е дух кој го проткајува Небото и ја сочинува сржта на небесното блаженство. Тоа е духот што ќе го имаат Христовите следбеници, дело кое тие ќе го извршуваат.“ — *Патот кон Христа, стр. 77.*

## 1. ЖИВОТОТ И СВЕТЛИНАТА — Недела, 23. август

**а. Што природното срце занемарува и какви се последиците од тоа? Јован 1:4,5.**

________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

„Бог е извор на животот, светлината и радоста на целата вселена. Како светлосните зраци од Сонцето, како водената струја што избива од живиот извор, од Него се излеваат благослови на сите Негови созданија. И секаде каде што има живот од Бога во срцата на луѓето, таа ќе се излева врз другите во вид на љубов и благослов.“ — *Патот кон Христа, стр. 77.*

**б. Кога Христовата љубов се негува во срцето, што ќе биде видливо во животот? 2 Коринтјаните 2:14,15; 5:14.**

________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

„Кога Христовата љубов го исполнува срцето, таа не може да се скрие, како што не може да се скрие слаткиот мирис. Нејзиното свето влијание ќе го чувствуваат сите оние што ќе ги среќаваме. Христовиот дух во срцето е сличен на извор во пустина кој тече да ги освежи сите, а на оние кои се блиску до смртта да им ја разбуди желбата да се напијат од водата на животот.“ — *Патот кон Христа, стр. 77.*

„Светот треба да види дека ние не сме себично обземени со сопствените интереси, туку дека сакаме и други да учествуваат во нашите благослови и предности. Светот треба да види дека нашата вера не нѐ прави нечувствителни или луѓе што бараат многу. Сите што тврдат дека го нашле Христа, треба да се залагаат за доброто на луѓето, онака, како што правел Тој.“ — *Копнежот на вековите, стр. 152.*

**а. Кога ќе Го прифатиме Исуса како наш Спасител, која наша потреба се исполнува? Јован 1:12,13; 1 Коринтјаните 1:4,5; Римјаните 5:1,2.**

---

---

„Така и оние кои се соучесници во Христовата благодат ќе бидат подготвени да принесат секаква жртва и за другите, за кои Тој умрел, за да можат да го примат небесниот дар. Тие ќе сторат сѐ што е во нивна моќ со своето живеење во светот да го направат истиот што подобар. Овој дух е плод на вистински преобразената душа. Кога некој ќе дојде кај Христа, во неговото срце се раѓа желба да им каже на другите каков скапоцен пријател стекнал во Христа: спасоносната и посветена вистина не може да остане затворена во неговото срце. Ако сме облечени во Христовата праведност, ако сме исполнети со радоста на Неговиот Дух кој живее во нас, не ќе можеме да останеме мирни. Ако сме вкусиле и сме виделе дека Господ е добар, ќе имаме за што да говориме. Како и Филип, кога го нашол Спасителот, ќе ги повикаме и другите кај Него.“ — *Патот кон Христа, стр. 77.*

**б. Каков совет ни дава апостол Павле кога се соочуваме со проблеми и тешкотии? Евреите 4:16.**

---

„Исус ги познава потребите на Своите деца и со радост ги слуша нивните молитви. Нека Неговите деца се одделат од светот и од сѐ што би можело да ги одвлече нивните мисли од Бога, и нека почувствуваат дека се сами со Бога, дека Неговото око продира во најскриените длабочини на срцето, дека ја чита желбата на душата, и дека можат да разговараат со Бога.“ — *Sons and Daughters of God, p. 121.*

**в. Откако ќе станеме Божји деца, што им должиме на нашите ближни? Римјаните 1:14,15.**

---

„Во која смисла Павле им бил должник и на Евреите и на Грците? Нему, како и на секој Христов ученик, му била доверена задачата: ’Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, учејќи ги да пазат сѐ што ви заповедав; и ете, Јас сум со вас во сите денови до крајот на светот’ (Матеј 28:19,20). Прифаќајќи Го Христос, Павле ја прифатил и оваа задача. Тој разбрал дека врз него лежи обврска да работи за сите луѓе — за Евреите и за незнабошците, за учените и неуките, за оние што заземале високи положби и за оние што живееле во најскромни услови.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, p. 1067.*

**а. Ако Светиот Дух пребива во нашето срце, кое ќе биде едно од нашите први дела? Јован 1:41,42.**

---

„Ќе се трудиме да им ја прикажеме сета Христова привлечност, како и невидливата вистинитост на светот што ќе дојде. Во нас ќе гори желбата да одиме по патот по кој поминал Исус. Длабоко ќе копнееме и другите околу нас да го ’видат Божјото јагне, кое ги зема на себе гревовите на светот’ (Јован 1:29).

Напорите да им бидеме на благослов на другите и нам ќе ни донесат благослов. Токму затоа Бог и ни дал можност да учествуваме во планот на спасението. Тој на луѓето им осигурил предимство да добијат дел во божествената природа и од своја страна да ги шират благословите врз своите ближни. Тоа е најголема чест, најголема радост што можел Бог да им ја даде на луѓето. Оние што на овој начин стануваат учесници во делото на љубовта, доаѓаат во најголема близина на својот Творец.

Веста на Евангелието и целото дело на службата на љубовта, Бог можел да им ја довери на небесните ангели. Можел да се послужи и со други средства за да ја исполни својата намера. Но во Својата неограничена љубов Тој решил да нè направи свои соработници, Христови и ангелски соработници, за да можеме да ги уживаме благословите, радоста и духовната поткрепа, плодовите на таа несебична служба.

Ние подобро ќе се разбереме со Христа, ако имаме заедница со Него и неговите маки. Секоја жртва која се принесува за доброто на други, го јакне духот на добродетелство во срцето на дарителот, сè повеќе го доближува до Откупителот на светот кој, ’иако богат, заради вас осиромаши, за вие да се збогатите со Неговото сиромаштво’ (2 Коринтјаните 8:9). Ако само на тој начин ја исполнуваме намерата со која Бог нè создал, животот ќе биде благослов за нас..“ — *Патот кон Христа, стр. 78,79.*

**б. Кој Христов пример треба да нè води во нашиот однос со роднините и соседите? Галатјаните 6:9,10; Јован 9:4.**

---

„Ако почнете да работите онака како што Христос им кажал на своите ученици, ако придобивате души за Него, ќе почувствувате потреба за подлабоко духовно искуство и поголемо духовно знаење и ќе бидете гладни и жедни за праведност. Вие во молитва ќе се борите со Бога, вашата вера ќе зајакне и вие сè пообилно ќе пиете од изворот на спасението. Противењето и неволјите на кои ќе наидувате, ќе ве гонат кон Библијата и молитвата. Вие ќе растете во благодатта и познавањето на Христа, и ќе стекнувате богато искуство.“ — *Патот кон Христа, стр. 80.*

**а. Наведете една голема опасност што денес нè загрозува како членови на црквата. Малахија 3:8–10.**

„Сега (Адвентистите на Седмиот ден) најголема опасност им се заканува од натрупување богатство. Мнозина се преоптоварени, бидејќи постојано самите си ги зголемуваат напорите и грижите. Како последица на тоа, тие потполно го заборават Бога и Неговото дело, и тие се духовно мртви. Од нив се бара да принесат жртва на Бога во вид на прилози. Но жртвата не го зголемува овоземниот имот, туку го намалува и го троши... Кај нашиот народ се покажа дека големите материјални средства им нанесуваат само штета на оние што се неразделно поврзани за нив.“ — *Сведоштва за црквата, том. 1, стр. 492.*

**б. Кои христијански доблести им помагаат на верниците да растат во благодатта и во познавањето на Господ Исус Христос? 1 Петрово 4:8–10; Евреите 13:2.**

„Предноста што ја имале Аврам и Лот не ни е скратена ниту нам. Со укажување на гостопримливост кон Божјите деца, ние исто така можеме да ги примиме Неговите ангели во својот дом. Дури и во наши дни, ангелите во човечки облик влегуваат во домовите на луѓето и го уживаат нивното гостопримство. Христијаните кои живеат во светлина на Божјото одобрување ги следат секогаш невидливите ангели и тие свети суштества оставаат за себе благослов во нашите домови.“ — *Сведоштва за црквата, том. 6, стр. 342.*

**в. Која потреба треба да ја исполнуваат верниците денес? 2 Коринтјаните 10:16.**

„Верниците во нашата црква (лаиците) можат да извршат едно дело кое одвај е започнато. Никој не треба да се сели во некое ново место само заради световна корист; но ако некаде се пружи прилика за пристоен живот, таму нека одат семејства кои се добро утврдени во верата, и тоа едно или две семејства во едно место, и таму нека работат како мисионери. Тие мораат да имаат љубов кон душите и да чувствуваат должност да работат за нив, размислувајќи за тоа како да ги доведат до вистината. Можат да делат наши публикации, да одржуваат состаноци во своите домови, да се запознаваат со соседите и да ги повикуваат да дојдат на тие состаноци. Така нивната светлина ќе свети во добри дела.“ — *Сведоштва за црквата, том. 8, стр. 245.*

„Бог одамна чека дух на ревносна служба да ја проникне целата црква и секој верник да работи за него според своите способности. Ако верниците на Божјата црква го исполнуваат налогот на евангелието, ако ја извршуваат должноста што им е наменета, таму каде што е потребно, во својата земја или во странство, набргу цел свет ќе биде предупреден и Господ Исус повторно ќе дојде со голема сила и слава.“ — *Делата на апостолите, стр. 111.*

## 5. ВЕРНИ ПРЕТСТАВНИЦИ

Четврток, 27. август

**а. Што се очекува од сите на кои им е доверено евангелието — а особено од работниците? 1 Коринтјаните 4:1,2; Откровение 2:10.**

---

„Предност на стражарите на ѕидовите на Сион е да живеат толку близу до Бога и да бидат толку чувствителни на влијанијата на Неговиот Дух, што Тој ќе може да работи преку нив — да им укаже на грешниците на нивната опасност и да ги насочи кон местото на сигурност. Избрани од Бога и запечатени со крвта на посветувањето, тие треба да ги спасуваат мажите и жените од пропаста што им се заканува. Верно треба да ги предупредуваат своите ближни за сигурните последици од престапот и верно да ги чуваат интересите на црквата.“ — *Gospel Workers, p. 15.*

**б. Каков пример им оставил Даниел на денешните млади? Даниел 1:8,15.**

---

---

„Господ сака и ние да научиме поука од искуството на Даниел. Има многумина кои би можеле да станат силни луѓе кога, како овој верен Евреин, би се потпирале на Бога за благодат да бидат победници и за сила и успех во својата работа. Даниел покажал најсовршена љубезност и кон постарите и кон младите. Тој стоел како сведок за Бога и настојувал да оди по таков пат што никогаш не би се засрамил небото да ги слуша неговите зборови или да ги гледа неговите дела. Кога од Даниел било побарано да учествува во раскошот на царската трпеза, тој не се разгневил, ниту изјавил дека ќе јаде и пие онака како што нему му одговара. Без да изговори ниту еден збор на пркос, тој го изнел прашањето пред Бога. Тој и неговите другари побарале мудрост од Господа, и кога станале од искрената молитва, нивната одлука била донесена. Со вистинска храброст и христијанска учтивост, Даниел му го изложил случајот на службеникот што бил задолжен за нив, замолувајќи да им биде дозволена едноставна исхрана. Овие млади луѓе чувствувале дека нивните верски начела се доведени во прашање, и затоа се потпирале на Бога, Кого Го сакале и Кому Му служеле.“ — *Testimonies to Ministers, p. 263.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 28. август

**1.Каква била состојбата на светот што го направила неопходно Бог да ја внесе Својата светлина во него?**
**2.Каква чудесна промена ќе биде видлива во животот на верниците?**
**3.Кога ќе примиме благослов, каков треба да биде нашиот одговор?**
**4.Опиши неколку начини на кои секој од нас може да им служи на другите.**
**5,Како Даниеловата верност може да биде вдахновение за мене?**

# ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 5. септември 2026.



## За библиската мисионска школа на Филипините

Кога се потсетуваме на големиот налог да одиме по целиот свет и да создаваме ученици, треба и да преземеме нешто. Библиската мисионска школа е установа посветена на подготовка и оспособување работници за Господовото лозје. Од своето основање во февруари 1984 година, оваа школа е светилник на верата, обликувајќи ги срцата и умовите на оние што копнеат да го шират евангелието меѓу сите народи. Многу студенти што ја завршиле двегодишната мисионска обука што ја нуди оваа установа станале мисионери во странство, а неколкумина се водачи и проповедници што ја шират веста на спасението низ густо населените острови на Филипините.

Сместена во Кабатанг, Тиаонг, во провинцијата Кезон, Филипини, Библиската мисионска школа неуморно работи за да обезбеди библиски темел за идните мисионери, како на Филипините така и низ Пацифичкиот Регион. Оваа установа обезбедувала место каде студентите можеле да престојуваат, да учат англиски јазик и да се обучуваат како мисионери, колпортери, здравствени работници и администратори — толку потребни во оваа земја и во странство. Таа служела и како место каде што се одржувале семинари за обука, младински собири и конференции.

Како што делото на реформацијата растело низ Филипините, сега итно се потребни проширување и подобрување на оваа установа, за таа и понатаму да може да им служи на потребите на Божјото дело. Во светлина на овие потреби, во тек се и планови за одржување седница на Генералната конференција токму во оваа установа. Каков благослов би било да се биде домаќин на овој собир на верници, каде што визиите за евангелизација и духовна обнова ќе бидат во средиштето на вниманието!

Вашиот великодушен дар за првата сабота денес ќе биде од голема помош за изградба на толку потребното проширување на оваа установа. Додека даваме, да се сетиме на зборовите од 2 Коринтјаните 9:7: „Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава.“

Нека вашите дарови ја подигнат оваа школа, ја зајакнат нејзината мисија и изведат работници подготвени да го објавуваат вечното евангелие. Да даваме со вера и радост, знаејќи дека нашите прилози ќе донесат вечни плодови за Божјото царство.

Ви благодариме, и нека Господ изобилно ве благослови додека давате!

*Вашите браќа од Филипините*

# Познавање на Бога

**Запомнете го стихот:** „Кој е мудар и го пази ова, ќе ја разбере милоста Господова“ (Псалм 107:43).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, глава 10, стр. 85–91.*

„Секое вистинско знаење и вистински развој имаат свој извор во познавањето на Бога.“ — *Воспитување, стр. 14.*

## 1. БОГ СЕ ОТКРИВА — Недела, 30. август

**а. Преку кои работи во овој свет Господ настојува да ги привлече луѓето кон Себе? Псалм 19:1–6; Изреки 2:1–5.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Многубројни се начините на коишто Бог ни се објавува и преку кои нè доведува во врска со Себе. Природата постојано им се обраќа на нашите сетила. Искреното срце ќе биде трогнато со Божјата љубов и слава, кои се откриваат во делата на Неговите раце. Чувствителното уво ги слуша и ги разбира пораките што Бог ги упатува преку природата. Зелените полиња, величествените дрвја, пупките и цветовите, облакот кој поминува, дождот кој паѓа, потокот кој жубори, убавините на небото, сето тоа му говори на нашето срце и нè повикува да се запознаеме со Оној, кој сето тоа го создал.“ — *Патот кон Христа, стр. 85.*

**б. Со што се послужил Исус за да ја втисне оваа вистина во умот на Своите слушатели? Матеј 13:3,34.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Нашиот Спасител за своите скапоцени поуки земал примери од природата. Дрвјата, птиците, цвеќето во долините, ритчињата, езерата, прекрасното небо, како и настаните и околностите од секојдневниот живот - сето тоа било поврзано со зборовите на вистината со цел почесто да се сеќаваме на Неговите поуки, дури и среде наметливите грижи со кои е исполнет човековиот мачен живот.

Бог би сакал Неговите деца да се восхитуваат на Неговите дела, да уживаат во едноставната, тивка убавина, со која го украсил нашиот земен дом.“ — *Патот кон Христа, стр. 85.*

**а. Каква поука можеме да научиме од природата — на пример од цвеќињата, птиците и ѕвездите? Римјаните 1:20; Дела 14:17.**

---

„Сознание за Творецот треба да се стекнува и со изучување на науките. Секоја вистинска наука всушност е толкување на Божјиот ракопис во материјалниот свет. Науката со своите истражувања донесува уште повеќе докази за Божјата мудрост и моќ . И пишаната Реч и книгата на природата, ако правилно се сфатат, нѐ запознаваат со Бога, откривајќи ни некои од законите преку кои Тој дејствува.“ — *Патријарси и пророци, стр. 599.*

„Само кога би сакале да слушаме, Божјите творечки дела би ни пружиле скапоцени поуки за послушност и доверба. Од ѕвездите, кои по своите невидливи патеки низ просторот од век во век патуваат во одреден правец, па сѐ до најмалите атоми - сѐ во природата се покорува на волјата на својот Творец. А Бог се грижи за сѐ и одржува сѐ што создал.“ — *Патот кон Христа, стр. 85.*

**б. Кога ја набљудуваме убавината и мирот на недопрената природа, на што треба да се потсетиме за ветената нова земја? 1 Коринтјаните 2:9; Откровение 21:1.**

---

„Обидете се да го замислете домот на спасените, но имајте на ум дека тој ќе биде многу пославен од сѐ што би можело да го наслика дури и најразиграната мечта. Во разновидните Божји дарови во природата го гледаме најслабиот отсјај на Неговата слава.“ — Патот кон Христа, стр. 86.

„Божјата црква добивала откровенија за вечната Божја цел. На Неговиот народ му било овозможено да фрли поглед преку искушенијата на сегашноста кон победата на иднината, кога борбата ќе биде завршена и искупените ќе ја наследат ветената земја. Тие визии за идната слава сцени кои што ги исцртала Божјата рака треба да биде драг на неговата црква денес, кога вековната борба брзо се ближи кон крајот и кога наскоро треба во потполност да се оствари ветениот благослов.“ — *Пророци и цареви, стр. 722.*

„Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина (Евреите 11:14-16). Таму небесниот Пастир го води Своето стадо на извори на жива вода. Дрвото на животот дава плод секој месец, а неговите лисја служат за здравје на народот. Таму течат потоци кои вечно жуборкаат, чисти како кристал, на чиишто брегови се нишаат дрвја кои ги фрлаат своите сенки врз патеките што Господ им ги подготвил на откупените. Таму пространите рамнини прераснуваат во прекрасни ритчиња, а Божјите гори ги издигнуваат своите возвишени врвови. Во овие тивки рамнини, покрај овие живи потоци, Божјиот народ, кој толку долго патувал и скитал, ќе го најде својот дом.“ — *Големата борба, стр. 675.*

**а. Кои драгоцени поуки можеме да ги научиме од пророците, кои ќе нè охрабрат во време на обесхрабрување и искушенија? Јаков 5:17; Римјаните 8:28; 1 Јованово 5:14.**

---

---

„Од состојбите и околностите, од промените што секојдневно се случуваат околу нас, можеме да извлечеме скапоцени поуки, ако нашето срце е отворено да ги сфати...
Патријарсите и пророците биле луѓе 'подложни на слабости како и ние' (Јаков 5:17). Ние ги гледаме како се борат со истото обесхрабрување што нè обзема и нас, како паѓаат во искушенија како и ние што паѓаме, и како сепак храбро стануваат и победуваат со Божјата благодат: и гледајќи, стекнуваат храброст во своето тежнеење за праведноста." — *Патот кон Христа, стр. 87.*

**б. Ако Бог се грижи за природата, колку повеќе се грижи за Своите деца? Псалм 107:43; 145:15,16.**

---

„И природата и откровението ни сведочат за Божјата љубов. Нашиот небесен Отец е извор на животот, на мудроста и радоста. Погледнете ги само чудесата и убавините на природата! Мислете на нивната прекрасна прилагоденост кон потребите и среќата, не само на човекот, туку и на сите живи созданија! Сончевата светлина и дождот кои ја оживуваат и ја освежуваат Земјата, ритчињата, морињата и рамнините - сето тоа ни зборува за љубовта на Творецот." — *Патот кон Христа, стр. 9.*

**в. На што треба да се насочи нашето внимание кога веруваме во ветувањето за Божјата грижа за нас? Матеј 6:30–34.**

---

„Кога ние во свои раце ќе го преземеме управувањето со работите кои ни се доверени, и кога потпирајќи се на својата мудрост, сакаме да постигнеме успех, го преземаме товарот кој Господ не ни го дал и се обидуваме да го носиме без Негова помош. Ние на себе ја преземаме одговорноста која му припаѓа на Бога и така всушност се ставаме на Неговото место. Тогаш со право можеме да бидеме загрижени и да очекуваме опасности и загуби, бидејќи тие сигурно ќе нè снајдат. Но, ако вистински веруваме дека Бог нè љуби и ни посакува само добро, тогаш ќе престанеме да се грижиме за иднината. Ќе се надеваме на Бога како што детето се надева на своите родители, кои ги сака. Тогаш ќе престанат нашите грижи и маки, бидејќи нашата волја целосно се соединила со Божјата волја." — *Мисли од Горoccupied на блаженствата, стр. 100.*

**а. Каде Христос ги сместил најјасните откровенија на Божјиот план за спасението на човекот? Јован 5:39; Исаија 34:16.**

---

„Бог ни говори во Своето слово. Во него го имаме најјасното откривање на Неговиот карактер, Неговото однесување кон луѓето, и големото дело на откуп.“ — *Патот кон Христа, стр. 87.*

**б. Што треба секојдневно да прават сите што сакаат да растат во Божјата сила и моќ? Јован 6:53,63; Колосјаните 3:1,2.**

---

---

„Откупувањето е тема во која ангелите би сакале да ѕирнат; со неа ќе се занимаваат и за неа ќе пеат откупените во текот на бескрајните векови на вечноста. Зарем тоа не е и сега вредно за внимателно размислување и проучување? Бескрајното Исусово милосрдие и Неговата бескрајна љубов, жртвата која Тој ја даде за нас - сето тоа нè повикува на најсериозно и најсвечено размислување. Треба да размислуваме за мисијата на Оној, кој дојде да го спаси Својот народ од неговите гревови.“ — *Патот кон Христа, стр. 88.*

**в. Како треба да ја примиме Божјата Реч во нашите срца? Матеј 4:4; 2 Тимотеј 2:15.**

---

---

„Ако некој го вреднува учењето на Библијата, нема да може да прочита ниту еден единствен стих од неа, а од него да нè извлече некоја полезна мисла. Но, највредните поуки од Библијата не можат да се добијат со повремено или неповрзано проучување. Нејзиниот голем систем на вистини не е прикажан така што ќе може да го разбере некој забрзан или невнимателен читател. Многу нејзини богатства лежат длабоко под површината и можат да се најдат само со вредно истражување и долготраен труд. Вистините, кои ја сочинуваат големата целина, мораат да се истражуваат и собираат ’малку тука, малку таму’ (Исаија 28:10).
Кога ќе се истражат и присоберат на ваков начин, ќе се покаже дека совршено си одговараат една на друга. Секое Евангелие ги надополнува другите, секое пророштво го објаснува другото, секоја вистина понатаму развива некоја друга вистина. Евангелието ги објаснува симболите на јудејскиот систем. Секој принцип во Божјата Реч има свое место, секој факт свое значење. А севкупната структура, и според нацртот и според изведбата, сведочи за својот Автор. Таквата структура не можел да ја замисли ниту да ја создаде ниту еден друг ум, освен умот на Бесконечниот.“ — *Воспитување, стр. 123.*

**а. Што му донело утеха и помош на Еремија во неговото бурно време? Еремија 15:16.**

---

„За јакнење на умот ништо друго не е покорисно од проучувањето на Писмото. Ниедна друга книга нема толкава сила да ги воздигне мислите, да ги оживее способностите, како Библијата со своите длабоки, благородни вистини. Кога Божјото слово би го проучувале онака како што би требало, луѓето би се одликувале со ширина на умот, благородност на карактерот, цврстина на намерите, какви што денес ретко се среќаваат.“ — *Патот кон Христа, стр. 90.*

„Оној кој на Светото Писмо му посветува големо внимание, низ молитва, ќе стекне јасно разбирање и здрав суд, а свртувајќи се кон Бога ќе достигне и поголем степен на интелигенција.“ — *Ум, карактер и личност, стр. 95.*

**б. Како треба да се проучува Светото писмо и што треба да претходи на таквото проучување на Библијата? Псалм 119:9,11,16.**

---

---

„Божествената вистина, како и златото во рудникот, не се наоѓа секогаш на површината; до неа често може да се дојде само со усрдно размислување и проучување.“ — *Gospel Workers, p. 76*.

„Како што рударот ги открива жилите на скапоцената руда скриена под земјината површина, така и оној, кој трпеливо го проучува Божјото слово, како да бара закопано богатство, ќе ја најде вистината со најголема вредност која била скриена од погледот на немарливиот барател. Вдахновените зборови, ако сериозно се прифатат во срцето, ќе станат слични на потоците кои течат од изворот на животот.

Библијата никогаш не смееме да ја проучуваме без молитва. Пред да ги отвориме нејзините страници треба да бараме просветлување од Светиот Дух, и тоа ќе ни биде дадено... Ангелите од светот на светлината ќе бидат со оние, кои во понизност бараат Бог да им го покаже патот.“ — *Патот кон Христа, стр. 91.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ Петок, 4. септември

**1.Кој метод на поучување го користел нашиот Спасител за да допре до луѓето?**
**2.Што обезбедил Бог за да им се открие на сите — дури и на оние што немаат пристап до Неговата Реч?**
**3.Што можеме да научиме преку Божјото провидение?**
**4.Опиши каков став треба да имаш кон Библијата како Божјо откровение.**
**5.Кое искуство на Еремија во врска со Светото писмо треба да се повтори?**

# Предноста на молитвата

**Запомнете го стихот:**„Но ти, кога се молиш, влези во својата скришна соба и, откако ќе ја затвориш вратата, помоли Му се на твојот Отец, Кој е во тајност; и Тој, Кој гледа тајно, ќе те награди јавно“ (Матеј 6:6).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, единаесетто поглавје, стр. 93–104.*

„Молитвата е отворање на срцето пред Бога како на пријател. Не затоа што би било неопходно да Му откриеме што сме, туку да се оспособиме себеси да Го примиме. Молитвата не Го симнува Бога кај нас, туку нас нѐ воздигнува кај Него.“ — *Патот кон Христа, стр. 93.*

## 1. ГОЛЕМИОТ МОЛИТЕЛ

Недела, 6. септември

**а. Како Син Човечки, што Исус сметал дека Му е неопходно? Лука 5:16; Марко 6:46.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Да Го погледнеме Божјиот Син како, наведнат, Му се моли на Отецот! Иако е Божји Син, Тој ја зајакнувал Својата вера преку молитва и, одржувајќи постојана врска со небото, собирал сила да му се спротивстави на злото и да им служи на потребите на луѓето. Како Постар Брат на нашиот род, Тој ги познава потребите на оние што, иако подложни на слабости во свет на грев и искушенија, сепак сакаат да Му служат. Тој знае дека гласниците што ги испраќа како погодни за служба се, всушност, само слаби и грешни луѓе. Но на секој што целосно ќе се посвети на Неговата служба, Тој му ветува божествена помош. Неговиот пример потврдува дека усрдната и истрајна молитва упатена кон Бога во вера, со целосна доверба и посветеност на Неговото дело, им донесува на луѓето помош од Светиот Дух во борбата против гревот.“ — *Gospel Workers, p. 511.*

**б. На кој начин Христовиот молитвен живот претставува пример и за нас? Марко 1:35; Лука 6:12.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„И самиот Исус, додека живеел меѓу луѓето, често одел на молитва.“ — *Патот кон Христа, стр. 93.*

**а. Како Исус ги учел Своите ученици да се молат? Лука 11:1–4.**

---

„Во текот на својот престој на Земјата, Исус ги учел Своите ученици како да се молат. Тој ги упатувал сите свои секојдневни потреби да му ги изнесат на Бога, сите свои грижи да му ги предадат Нему. Ветувањето што им го дал дека ќе им бидат вослишени нивните молитви, ни го дал и нам...

Тој е наш пример во сè. Тој ни е брат во нашите слабости ’искушан во сè како и ние’; но, како безгрешен, Неговата природа се гнасела од гревот; Тој претрпел душевни борби и страдања во светот полн со грев. Како човек, молитвата ја сметал како своја потреба и предност. Тој во разговор со Својот Отец наоѓал утеха и радост. Значи ако Спасителот на луѓето, Божјиот Син, чувствувал потреба за молитва, колку повеќе слабите и грешни смртници би морале да бидат свесни за неопходноста од сесрдна, постојана молитва.“ — *Патот кон Христа, стр. 93.*

**б. На кој начин Библијата ја опишува Христовата посветеност и зошто тоа било толку потребно? Исаија 50:4; Евреите 2:10; 5:7–9.**

---

---

„Примајќи го на Себе човечкото обличје, чувствувал дека му е потребна сила од Таткото. Тој одбрал посебни места за молитва. Сакал да има заедница со Својот Татко во самотијата на планината. Со тоа Неговата света, човечка душа станувала зајакната за должностите и неволјите во денот што настапувал. Нашиот Спасител се идентификувал Себеси со нашите неволји и слабости и така секоја ноќ се појавувал пред Бога, молејќи Го Таткото да му подари свежа сила за да може така засилен и освежен, да биде подготвен на должностите и искушенијата. Тој е нашиот пример во сè.“ — *Сведоштва за црквата, том 2, стр. 201.*

„Покажано ми е дека меѓу младите нема ниту еден од дваесет кој врз основа на лично искуство знае што е тоа вера. Додека исповедајќи ја својата вера тврдат дека се Христови слуги, тие си служат само на себе, и ако не се ослободат од таа маѓепсаност наскоро ќ е се осведочат дека го избрале делот со оние што прават беззаконие. Наместо самоодрекување и пожртвуваност поради вистината, тие го избираат полесниот пат. Наместо сесрдни молитви проследени со солзи и болни пекања упатени до Бога за милост, проштевање и сила да се спротивстават на искушенијата на сатаната, тие сметаат дека сето тоа не е неопходно и дека сосем добро можат да продолжат и без тоа. Христос, Царот на славата, често се повлекувал во осаменост на некоја планина за во молитва да ја излева Својата душа пред Таткото, а грешниот смртник, кој не располага со никаква сила, мисли дека молитвата не му е толку потребна во животот.“ — *Сведоштва за црквата, том 1, стр. 504.*

**а. Како Исус ни го открил ставот на Својот Отец кон човечките потреби? Матеј 6:6; 7:7–11.**

---

„Нашиот небесен Татко чека да го излее врз нас изобилството на Свои благослови. Наша предност е што можеме обилно да пиеме од изворот на бескрајната љубов. Зарем не е тогаш чудно што толку малку се молиме? Бог е подготвен и желен да ја чуе искрената молитва на своето најскромно дете, но сепак е очигледно дека ние се притеснуваме да Му ги изнесеме нашите потреби.“ — *Патот кон Христа, стр. 94.*

„Бог е премногу мудар за да биде излажан и премногу добар за да им ускрати какво и да е добро на оние кои живеат праведно! И затоа без страв потпрете се на Него, дури и тогаш кога одговорот на вашите молитви нема да го добиете веднаш! Потпрете се на Неговото сигурно ветување: ’Барајте и ќе ви се даде’ (Матеј 7:7).“ — *Патот кон Христа, стр.96.*

**б. Што Го спречува Господа да ги услиши нашите молитви? Псалм 66:18; Изреки 28:13.**

„Нашите мисли можат да се занимаваат со Него; можеме да размислуваме за Неговите дела, доказите на Неговата милост, Неговите благослови, но сето тоа сѐ уште не е во потполна смисла на зборот, одржување на врска со Него. За да стапиме во врска со Бога, мора да посакаме да Му раскажеме нешто од нашиот вистински живот.“

Што можат да мислат небесните ангели за бедните беспомошни човечки суштества кои се соочуваат со искушенија, за суштествата кон кои Божјото срце чувствува безгранична љубов и е готово да им подари повеќе отколку што би можеле да побараат или замислат, а кои толку малку се молат и имаат толку малку вера! На ангелите им е мило да се поклонуваат пред Бога; тие сакаат да бидат блиску до Него. Тие разговорот со Бога го сметаат за најголема радост; но сепак синовите на оваа Земја, на кои толку многу им треба помош, која само Бог може да им ја даде, како да се задоволни што одат без светлината на Неговиот Дух, без придружба на Неговото присуство.

Темнината на злото ги обвиткува оние кои ја занемаруваат молитвата. Непријателот со шепот ги искушува на грев, само затоа што не се служат со предноста што Бог им ја дал со востановувањето на молитвата.“

„Ако негуваме беззаконие во своето срце, доколку цврсто се држиме до било кој познат грев, Господ нема да не услиши; но молитвата на потиштениот покајник секогаш ќе биде прифатена. Кога ќе ги исправиме сите зла за кои сме свесни, тогаш можеме да бидеме убедени дека Бог ќе одговори на нашите молби. Нашите сопствени заслуги никогаш нема да нѐ препорачаат на Божјата наклоност; ние ќе се спасиме со Христовата достојност, ќе се исчистиме со Неговата крв; но сепак и самите мораме нешто да придонесеме, мораме да ги исполниме условите за да бидеме прифатени.“ — *Патот кон Христа, стр. 93-95.*

**а. Кои се важните елементи на усрдната молитва, за разлика од слабата и неделотворната молитва? Евреите 11:6; Марко 11:24.**

---

„Кога не го добиваме токму она што сме го барале, во времето во коешто сме молеле, и понатаму мораме да веруваме дека Господ нѐ чул и дека ќе одговори на нашите молитви. Ние сме толку подложни на заблуди и толку кусогледи што понекогаш го бараме и она што не би ни било на благослов, па така нашиот небесен Татко во Својата љубов ни одговара на молитвата, давајќи ни го она што ќе ни послужи за добро - она што и ние самите би го посакале кога нашиот поглед би бил божествено осветлен и кога би можеле реалноста да ја видиме онаква каква што е. Кога изгледа дека молитвите не ни се примени, мораме да се држиме за ветувањето; бидејќи времето за исполнување сигурно ќе дојде и ние ќе го примиме благословот што ни е најпотребен.“ — *Патот кон Христа, стр. 96.*

**б. За Господ да ги услиши нашите молитви, каков дух треба да имаме? Матеј 6:12; Марко 11:25, 26.**

---

„Кога доаѓаме да бараме милост и благослов од Бога, нашите срца треба да бидат вдахновени со дух на љубов и простување. Како можеме да се молиме: ’Прости ни ги нашите долгови како и ние што им простуваме на нашите должници’ (Матеј 6:12), ако едновремено не сме готови да им простуваме на другите! Ако очекуваме Бог да ги чуе нашите молитви, мораме да им простуваме на другите на ист начин и со иста мера, како што очекуваме да ни биде простено нам.“ — *Патот кон Христа, стр. 97.*

**в. Што можеме да научиме од Илиевата молитва за дожд? 1 Царевите 18:41–45.**

---

„Додека Илија се молел за дожд, слугата шестпати се враќал со извештај дека нема ни најмал облак, ниту каков било знак за дожд. Но пророкот не дозволил да биде обесхрабрен. Тој го преиспитувал својот живот, за да види дали во нешто не Го обесчестил Господа, дали има некој непризнат грев, и така продолжил да ја понизува својата душа пред Бога додека не го добил очекуваниот знак како одговор на својата молитва. Додека така го преиспитувал својот живот, изгледал сѐ помал и помал и во своите очи и пред Бога. Се уверил дека сам по себе не може ништо и дека сѐ зависи од Бога. И кога дошол до тоа целосно да се откаже од себе и да се потпре на Спасителот како на своја единствена сила и праведност, тогаш дошол одговорот.“ — *The SDA Bible Commentary, vol. 2, p. 1035.*

## 5. ИСТРАЈНОСТ ВО МОЛИТВАТА

Четврток, 10. септември

**а. Каков важен совет во врска со молитвата ни даваат апостолите? 1 Петрово 4:7; Филипјаните 4:6.**

---

---

„Ревноста во молитвата е неопходна; на ништо не смеете да му дозволите да ѝ пречи на вашата молитва. Вложете го секој напор да ја одржите врската помеѓу Исус и својата душа. Искористете ја секоја можност да одите на местата определени за молитва. Оние, кои навистина се трудат да ја одржуваат врската со Бога, ќе се видат на молитвените собири, верни во извршувањето на својата должност, искрени и желни да ги пожнеат сите благослови кои можат да се стекнат. Тие ќе ја искористат секоја можност да се изложат себеси на зраците на светлината од Небото.“ — *Патот кон Христа, стр. 98.*

**б. Како и секој родител, што Господ очекува Неговите деца да прават? Лука 11:10,13; Јован 14:13,14.**

---

---

„Христос им рекол на Своите ученици да се молат ’во Мое име’. Христовите следбеници треба во Негово име да излегуваат пред Бога. Вредноста на жртвата што е поднесена заради нив им дава висока цена во Божјите очи. Тие се сметаат драгоцени заради Христовата праведност која им е засметана. Заради Христа, Таткото им простува на оние што се бојат од Него. Тој во нив не гледа ништожни грешници, туку забележува сличност со Својот Син во Кого тие веруваат.“ — *Копнежот на вековите, стр. 667.*
„Нема такво време и место кое не е прикладно за молитва. Не постои ништо што би можело да нè спречи да го подигнеме своето срце во духот на искрената молитва. Среде мноштвото на улица, окупирани со работните обврски, ние можеме да му упатиме молитва на Бога и да побараме божествено водство, како што го сторил тоа Немија додека го изнесувал своето барање пред царот Артаксеркс. Место за разговор може да се најде каде и да се наоѓаме.“ — *Патот кон Христа, стр. 99.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 11. септември

**1.Кој пример на постојаност во молитвата им е даден на сите верници?**
**2.Кое пророштво ја покажува важноста на молитвата секое утро?**
**3.Што е предуслов за успешна молитва?**
**4.Зошто треба да продолжиме да се молиме додека чекаме одговор?**
**5.Опиши што значи да се молиме во Исусовото име.**

# Што да правиме со сомнежот?

**Запомнете го стихот:** „Но да моли со вера и никако да не се сомнева; зашто оној кој се сомнева, прилега на морски бран, кого ветрот го издига и растура“ (Јаков 1:6).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, дванаесетто поглавје, стр. 105–113.*

„Бог никогаш не бара да веруваме ако не ни пружи доволно докази на кои можеме да ја втемелиме нашата вера.“ — *Патот кон Христа, стр. 105.*

## 1. ШТО Е СОМНЕЖ? Недела, 13. септември

**а. На што треба да се сетиме кога сме во искушение да се колебаме меѓу верата и сомнежот? Јаков 1:5–7.**

______________________________________________________________

„Но овие ветувања се однесуваат само на оние кои со сето срце се подготвени да го следат Господа. Бог не врши насилство над ничија волја или совест. Затоа Тој и не може да ги води оние кои се премногу горди за да бидат поучувани и кои упорно сметаат дека можат сами да одат по свој пат. За дволичниот човек кој се стреми да ја оствари својата волја, а тврди дека ја твори Божјата волја е кажано: ’Таков човек нека не мисли дека ќе добие нешто од Господ’“ (Јаков 1:7). — *Патријарси и пророци, стр. 384.*

**б. Што ни дал Господ за да го совладаме сомнежот? Псалм 119:105; Евреите 11:1,3,6.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Нашата вера мора да почива на личната осведоченост, а не на набројување на доказите. Оние што сакаат да се сомневаат ќе имаат можност, додека пак оние кои навистина копнеат да ја запознаат вистината, ќе најдат изобилство од докази на кои можат да ја потпрат својата вера.“ — *Патот кон Христа, стр. 105.*

„Бог во Своето слово дал доволно докази за Неговиот божествен карактер. Големите вистини што се однесуваат на нашето спасение се јасно изнесени. Со помош на Светиот Дух, кој им е ветен на сите што искрено го бараат, секој може сам да ги разбере тие вистини. Бог на луѓето им дал цврст темел на кој можат да ја градат својата вера.“ — *Големата борба, стр. 526.*

**а. Како треба да се однесуваме кон тајните што Бог не ни ги објаснил? Второзаконие 29:29; Јов 38:4–11.**

---

„Божјото слово, како и карактерот на нејзиниот божествен Автор, изнесува тајни коишто ограничените суштества никогаш нема да можат во целост да ги разберат. Појавата на гревот во светот, отелотворувањето на Христа, новораѓањето, воскресението и бројни други теми со кои се занимава Библијата, се премногу длабоки тајни за човечкиот ум да си ги објасни или пак сосема да ги разбере. Меѓутоа немаме причина да се сомневаме во Божјото слово само затоа што не можеме да ги разбереме тајните на божественото провидение.“ — *Патот кон Христа, стр. 106.*

„Бог не ги принудува луѓето да се откажат од своето неверување. Пред нив се светлината и темнината, вистината и заблудата. На нив е да одлучат што ќе прифатат. Човечкиот разум е надарен со способност да прави разлика помеѓу доброто и злото. Бог сака човекот да не одлучува според моменталното чувство, туку врз основа на докази, споредувајќи внимателно библиски текст со библиски текст. Доколку Евреите ги ставиле настрана своите предрасуди и го спределиле пишаното пророштво со фактите кои го карактеризирале Исусовиот живот, тие би забележале прекрасна хармонија меѓу пророштвата и нивното остварување во животот и службата на понизниот Галилеец.

Многумина и денес се измамени на истиот начин како и некогашните Евреи. Верските учители ја читаат Библијата во светлина на своите сопствени ставови и традиции, а луѓето не ја истражуваат Божјата Реч сами за себе и не оценуваат самостојно што е вистина, туку се потпираат на туѓ суд и ја доверуваат својата душа на нивните водачи. Проповедањето и поучувањето на Божјата Реч е еден од начините што Бог ги одредил за ширење на светлината, но ние мораме да го провериме учењето на секој човек со Светото Писмо.“ — *Копнежот на вековите, стр. 458.*

**б. Како и самата Библија покажува дека во неа има работи што тешко се разбираат? 2 Петрово 3:16.**

„Тешките места во писмото неверниците ги изнесувале како доказ против Библијата, но, далеку од тоа, тие силно потврдуваат дека Библијата е божествено вдахновена. Кога Библијата би давала само извештаи за Бога, кои би можеле лесно да ги сфатиме, кога Неговата големина и величество би можеле да го разберат ограничените умови, тогаш таа не би го носела непогрешливиот печат на Божјиот авторитет. Токму големината и таинственоста на темите за кои се зборува треба да нè вдахнат со вера во Библијата како Божјо слово.“ — *Патот кон Христа, стр. 107.*

**а. Што претставува особена опасност за верниците во овие последни денови? Евреите 3:12; 2 Тимотеј 4:3,4.**

„Кога Бог на светот му праќа толку важни опомени, што се претставени со ангели кои летаат среде небото и ги објавуваат, тогаш Тој бара од секое разумно суштество будно да внимава на веста. Страшните судови што ќе бидат изречени против оние што ќе му се поклонуваат на ѕверот и на неговиот лик (Откровение 14:9-11) треба сите да ги поттикнат кон трудољубиво проучување на пророштвата за да дознаат што е жиг на ѕверот и како можат да избегнат да го примат. Но мнозинството луѓе ги одвраќаат ушите да не ја слушнат вистината и се свртуваат кон прикаски. Апостол Павле за последните денови рекол: 'Зошто ќе дојде време кога луѓето нема да го слушаат здравото учење' (2 Тимотеј 4:3). Тоа време веќе дошло. Луѓето не ја сакаат библиската вистина бидејќи таа се коси со желбите на грешното срце што го љуби светот, а сатаната им нуди измами што тие ги сакаат.“ — *Големата борба, стр. 594.*

**б. Што е проречено за ставот што ќе го имаат двете групи луѓе во последните денови? Даниел 12:10; Откровение 22:11.**

„Но Бог на земјата ќе има Свој народ кој ќе внимава на Библијата, и само на Библијата, како мерило за секое учење и темел на секоја реформа. Ниту мислењата на учените луѓе, ниту тврдењата на науката, ниту верските догми или одлуки на црковните собори, толку многубројни и спротивни како и црквите што ги застапуваат, ниту гласот на мнозинството - ниту едно од ова, ниту сите заедно не можат да се сметаат како доказ за или против која и да е точка на верата. Пред да прифатиме кое било учење или пропис, треба да се увериме дека е во согласност со она јасното: 'Така кажува Господ.'“ — *Големата борба, стр. 595.*

„Нова светлина за Божјото слово постојано ќе им се открива на оние што се живо поврзани со Сонцето на правдата. Никој не треба да заклучи дека веќе нема вистини што треба да ни бидат откриени. Оние што вредно и со молитва ја бараат вистината, ќе пронајдат скапоцени зраци на светлина во Божјото слово. Многу скапоцени камења сè уште се расеани, и оние што се дел од Божјиот остаток треба да ги пронајдат, да ги соберат и да ги присвојат. Но светлината не ни е дадена само за да ја зајакне Заедницата, туку и за да ги осветли оние што се наоѓаат во темнина.“ — *Counsels on Sabbath School Work, стр. 34.*

**а. Како можеме да направиме разлика меѓу она што е важно и она што не е важно? 2 Коринтјаните 13:5; Тит 3:9–11.**

„Иако Бог дава доволно докази во прилог на верата, Тој никогаш не го отстранува сето она што би можело да послужи како изговор за неверување. Оние што бараат докази за сомневање, ќе ги најдат. А оние што одбиваат да го прифатат Божјото слово и да му се покоруваат сè додека не биде отстранет секој можен приговор, така што повеќе да нема никаква причина за сомневање, никогаш нема да дојдат до светлината.“ — *Големата борба, стр. 527.*

**б. Кои благослови ќе ги примат понизните? Јаков 4:6,10; 1 Петрово 5:6,7.**

„Секоја моја потреба беше задоволена, заситен гладот на мојата душа, и Библијата сега ми е откровение на Исуса Христа. Прашувате зошто верувам во Исуса? - Затоа што Тој ми е божествен Спасител! Зошто ѝ верувам на Библијата? - Затоа што се уверив дека тоа е глас со кој Бог ѝ зборува на мојата душа! Ние самите себеси можеме да си посведочиме дека Библијата е вистинита, дека Христос е Божји Син. Ние знаеме дека не се поведуваме по лукаво измислени бајки.“ — *Патот кон Христа, стр. 112.*

**в. Како апостол Павле го опишува искуството на верникот сега и во иднината? 1 Коринтјаните 13:12.**

„Во овој живот можеме само да почнеме да ја сфаќаме прекрасната тема за откупот на нашиот род. Со нашиот ограничен ум можеме најискрено да размислуваме за срамот и славата, животот и смртта, праведноста и милоста што се сретнале на крстот, па сепак, ниту со најголемиот напор на нашите духовни сили не можеме да го сфатиме неговото целосно значење. Должината и ширината, височината и длабочината на спасоносната љубов, човекот може само донекаде да ја разбере. Планот на спасението нема да биде потполно сфатен дури ниту тогаш кога откупените ќе го видат неговото остварување со свои очи и кога ќе познаваат како што се познати; низ вечните времиња пред нивниот восхитен ум постојано ќе се откриваат нови вистини.“ — *Големата борба, стр. 651.*

„Со вера ние можеме да гледаме во вечноста и да се држиме за Божјото ветување дека човечкиот разум ќе се развие, човечките способности ќе се соединат со божествените, а секоја душевна сила ќе дојде во директен допир со Изворот на светлината. Ние можеме да се радуваме, затоа што сè што нè збунувало во Божјото провидение, тогаш ќе биде разјаснето, дека сè што ни било тешко сфатливо, ќе добие свое објаснување; и таму каде што со нашиот ограничен ум сме наидувале само на збрки и изјаловени намери, ќе видиме најсовршена и најубава хармонија. ’Сега гледаме како на огледало, нејасно, а тогаш лице в лице. Сега сфаќам делумно, а тогаш ќе сфатам потполно, како и самиот што сум наполно познат’ (1 Коринтјаните 13:12).“ — *Патот кон Христа, стр. 112.*

## 5. БОЖЈАТА НАМЕРА ЗА НЕГОВИОТ НАРОД Четврток, 17. септември

**а. На кој чудесен начин Господ ни ја разоткрива Својата Реч сега, кога се приближува времето на крајот? Откровение 10:2,6,7.**

________________________________________________________

________________________________________________________

„Книгата што била запечатена не била книгата Откровение, туку оној дел од пророштвото од книгата на Даниел што се однесува на последните денови... ‘А ти, Данииле, сокри ги овие зборови и запечати ја оваа книга до последното време’ (Даниел 12:4). Кога книгата била отворена, се слушнала изјавата: ‘не ќе има веќе време’ (види Откровение 10:6). Книгата на пророкот Даниел сега е отпечатена, а откровението што Христос му го дал на Јован треба да ги осветли сите жители на оваа земја. Со умножувањето на знаењето треба да се подготви народ што цврсто ќе стои во последните денови.“ — *Selected Messages, bk. 2, p. 105.*

„Многумина ја прифаќаат идејата дека Јовановото Откровение е запечатена книга и затоа не посветуваат време на проучување на нејзините тајни. Тие велат дека вниманието треба да се насочи кон возвишените вистини за спасението, а дека тајните откриени на Јован на островот Патмос не заслужуваат толкаво внимание. Но Бог не гледа така на оваа книга...

Книгата Откровение му открива на светот што било, што е сега и што ќе биде. Таа е напишана за наша поука врз кои дошол крајот на вековите; затоа треба да се проучува со должно почитување и внимание...

Тајните запишани во книгата Откровение Сам Господ му ги открил на Својот слуга Јован, и Тој сака тие да бидат достапни за проучување на сите. Во оваа книга сликовито се опишуваат многу сцени што сега веќе се минато, потоа некои настани од трајно значење што се одвиваат пред нас, а има и пророштва што нема целосно да се исполнат сè до свршетокот на времето на милоста, кога ќе дојде до последниот голем судир меѓу небесниот Кнез на животот и силите на темнината.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 954.*

**б. Што треба да прават верниците додека го проучуваат Светото писмо? 2 Тимотеј 2:15; Јован 7:17.**

________________________________________________________

________________________________________________________

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ Петок, 18. септември

1. **Каков став треба да имаме за да разбереме што е вистина?**
2. **Објасни зошто не можеме целосно да ги разбереме сите делови на Светото писмо.**
3. **Зошто многумина не сакаат да ја прифатат библиската вистина?**
4. **Што секогаш ќе пронајдат оние што навистина сакаат да се сомневаат?**
5. **Зошто подготвеноста да послушаме е неопходна за разбирање на вистината?**

# Радост во Господа

**Запомнете го стихот:** „Ако учествувате во страдањата Христови, тогаш радувајте се, та кога ќе се јави Неговата слава да се зарадувате и развеселите“ (1 Петрово 4:13).

**Предлагаме да прочитате:** *Патот кон Христа, тринаесетто поглавје, стр. 115–126.*

„Господ би сакал сите Негови деца, синови и ќерки да бидат среќни, спокојни и послушни.“ — *Патот кон Христа, стр. 124.*

## 1. НОСИТЕЛИ НА СВЕТЛИНА

Недела, 20. септември

**а. Според Исусовите зборови, каква одговорност имаат Неговите ученици во овој свет? Матеј 5:13–16.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

„Христијаните се поставени да бидат светлоносци на патот кон Небото. Тие треба да сјаат кон светот со светлината со која Христос ги осветлил. Тие треба да живеат таков живот и да развиваат таков карактер, така што другите гледајќи ги нив, да стекнат правилно мислење за Христа и Неговата служба.“ — *Патот кон Христа, стр. 115.*

**б. Што треба да бидат верниците за сите луѓе? Јован 17:18,23; 2 Коринтјаните 5:20.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

„Во секое свое дете Исус му праќа послание на светот. Ако сте и вие Христов следбеник, Тој во вас му праќа писмо на семејството, на местото, улицата во која живеете. Исус, кој живее во вас, сака да им проговори на срцата коишто не Го познаваат. Можеби тие не ја читаат Библијата, или не го слушаат гласот кој им зборува од нејзините страници; тие во Божјите дела не ја гледаат Неговата љубов. Но, ако сте вие вистински Исусов претставник, може да се случи преку вас да сфатат барем дел од Неговата добрина и да бидат придобиени да Го сакаат и да Му служат.“ — *Патот кон Христа, стр. 115.*

**в. Како единствено може да се исполни оваа задача? 2. Коринтјаните 3:2–5.**

__________________________________________________________

**а. Кој е најголемиот доказ за Божјата љубов кон Неговите деца? Јован 3:16; Римјаните 5:6–10.**

---

„Кога оставаме впечаток дека се сомневаме во Божјата љубов, дека немаме доверба во Неговите ветувања, го срамиме Бога и го жалостиме Светиот Дух. Како би се чувствувала мајката, кога нејзините деца постојано би се жалеле против неа, како таа да не им сака добро, а таа во текот на целиот свој живот се трудела да ги заштити нивните интереси и да ги опкружи со удобност? Да си претпоставиме тие да се посомневаат во нејзината љубов - тоа би го скршило нејзиното срце! Како би се чувствувал кој и да е родител, кога децата така би постапувале со него? А што може да мисли нашиот небесен Отец за нас кога немаме доверба во Неговата љубов, која го навела да го жртвува Својот единороден Син за ние да имаме живот? Апостолот пишува: ’Кој не го поштеди својот Син, туку го предаде за сите нас, тогаш како со Него да не ни подари сѐ?’ (Римјаните 8:32). А сепак колку има такви кои кажуваат, ако не со зборови тогаш со своите дела: ’Со тоа Бог не мислел на мене. Можеби Тој ги сака другите, но не ме сака мене!’“ — *Патот кон Христа, стр. 118.*

**б. Што докажува дека Бог сака да им даде сѐ на Своите деца? Римјаните 8:32.**

„И вие, кои се чувствувате најнедостојни, не плашете се својот случај да му го препуштите на Бога. Кога се дал Себеси во Христа за гревовите на светот, Бог го презел случајот на секоја душа. ’Оној, Кој не Го поштеди ни Својот сопствен Син, туку Го предаде за нас сите, зарем нема да ни подари со Него сѐ?’ (Римјаните 8:32). Зарем Тој нема да го исполни ова милостиво ветување кое е дадено за да нѐ охрабри и зајакне?
Најмногу од сѐ Христос сакал да го откупи Своето наследство од власта на сатаната.“ — *Христовите очигледни поуки, стр. 174.*

**в. Како оваа љубов може да се одразува и во нас? 1 Јованово 4:9–12.**

---

„За да имаат вистински успех, христијанските работници мора да го познаваат Христа; а за да го запознаат него, мора да ја знаат Неговата волја и Неговата љубов. На небото корисноста на работниците се мери со нивната способност и подготвеност да сакаат како што сакал Христос и да работат како што работел Тој.
’Да не љубиме со збор или со јазик’, пишувал апостолот, ’туку со дело и со вистина.’ Совршенство на христијанскиот карактер се постигнува само со постојан стремеж на христијанинот да им помогне на другите и да им послужи на благослов. Ако душата на верникот е обвиена со атмосфера на таква љубов, тогаш тој станува животен мирис за живот и Бог ќе го благослови неговиот труд.“ —*Делата на апостолите, стр. 551.*

**а. Што го одликувало Христовиот живот во Неговото дело за спасение на луѓето? Исаија 53:10,7.**

„Христовиот живот бил живот на постојана самопожртвуваност. Тој на овој свет немал дом, освен кога пријателите, од љубезност, Го примале како патник. Дошол заради нашето добро да живее во најголема сиромаштија, да се движи и да работи меѓу оние што биле во неволја и страдање. Непризнаен и без никакви почести, Тој поминувал меѓу луѓето за кои направил толку многу.“ — *Gospel Workers, pp. 42.*

„Тој не се оплакувал Себеси, иако добро знаел каде води Неговиот пат. Пред Него се простирала Гетсиманија, местото каде Го чекала голема душевна борба. Ја видел и овчата врата низ која со векови биле доведувани животни за жртва, а која наскоро требало да се отвори и пред Него кога ќе биде воден ’како јагне на колење’ (Исаија 53:7). Недалеку од таму се наоѓала Голгота, местото на распнувањето. На патеката по којашто набргу требало да тргне за да ја положи својата душа за откуп на гревот, требало да се спушти ужасно густ мрак. Меѓутоа, размислувањето за сето тоа не била вистинската причина за тагата која го обземала Исуса во тој час на сеопшта радост. Никакви насетувања за сопствените натчовечки страдања не можеле да го поматат Неговиот несебичен дух. Тој ја оплакувал судбината на илјадниците собрани во Ерусалим - заради заслепеноста и непокајанието на оние коишто дошол да ги благослови и спаси.“ — *Големата борба, стр. 18.*

**б. Во Своите страдања и искушенија, што Му дало на Исус храброст да го заврши Своето дело? Исаија 53:11; Евреите 12:2.**

„Исходот на борбата на нашиот Спасител со силите на темнината е радоста на откупените која на Божја слава ќе продолжи низ сета вечност. Вредноста на само една човечка душа е толку голема, што Отецот е задоволен со цената што е платена, а и самиот Христос, гледајќи ги плодовите на Својата голема жртва, е задоволен.“ — *Големата борба, стр. 652.*

„Често се зборува дека Исус плачел, а дека не е познато дека некогаш се насмевнал. Нашиот Спасител навистина бил човек на болката, запознат со тагата, затоа што срцето му било отворено за сите човечки страдања. Но иако Неговиот живот бил исполнет со самооткажување, засенет со болки и грижи, Неговиот Дух не попуштил. Неговото лице не изразувало болка и незадоволство, туку смирена ведрина. Неговото срце било извор на живот; и секаде каде што одел, донесувал одмор и мир, радост и веселба.“ — *Патот кон Христа, стр. 120.*

**а. Кога верникот ќе се соочи со искушение, што му е обезбедено за да може да победи во оваа духовна борба? Ефесјаните 6:11–18.**

---

„Сите имаат неволји, болки кои тешко се поднесуваат, искушенија на кои тешко се спротивставуваат. Немојте за своите тешкотии да им кажувате на смртниците како што сте и вие, туку изнесете сè пред Бога во молитва. Придржувајте се кон правилото никогаш да не изговарате ниту еден збор на сомневање или обесхрабрување. Со своите зборови на надеж и на света радост, вие можете многу да сторите да го разведрите животот на другите и да ги подржите во нивните напори.“ — *Патот кон Христа, стр. 119.*

**б. Зошто многумина се колебаат меѓу верата и сомнежот кога се искушувани и испитувани? Што треба да направат? Матеј 14:28–31; Јаков 1:2.**

---

„Многу храбри луѓе се болно притиснати од искушението, речиси се во опасност да потклекнат во борбата со себеси и со силите на злото. Немојте да ги обесхрабрувате во нивната тешка борба. Разведрете ги со зборови на охрабрување и надеж што ќе им дадат сила да тргнат напред. На тој начин од вас ќе зрачи Христовото видело. „Ниеден од нас не живее за себеси“ (Римјаните 14:7). Со нашето несвесно влијание, другите можат да бидат охрабрени и засилени, или обесхрабрени и оттурнати од Христа и од вистината.

Мнозина имаат погрешна претстава за животот и карактерот на Христа. Тие мислат дека на Христа му недостасувала ведрина и топлина, дека бил смуртен, строг и невесел. Во многу случаи целото верско искуство е обоено со вакви мрачни погледи.“ — *Патот кон Христа, стр. 120.*

**в. На кој начин патеката на праведникот свети дури и среде искушенијата? Изреки 4:18; Филипјаните 4:4.**

„Патот може да биде нерамен, и искачувањето стрмно, може да има бездни и од левата и од десната страна; можеби на својот пат ќе мораме да поднесеме тешки напори; кога ќе се умориме и сакаме да се одмориме, можеби ќе мораме со напор да одиме понатаму; можеби ќе мораме да се бориме и кога ќе изгубиме сила, а кога ќе бидеме обесхрабрени, мораме сè уште да се надеваме; но со Христа, како наш Водич, сепак конечно ќе стигнеме до саканото пристаниште. Самиот Христос пред нас поминал по тој нерамен пат и ја израмнил патеката за нашите нозе.

Долж целиот тој стрмен пат кој води во живот вечен, се наоѓаат извори на радост за освежување на уморните.“ — *Мисли од Горада на блаженствата, стр. 140.*

## 5. НАШАТА НАГРАДА И РАДОСТ

Четврток, 24. септември

**а. Кое Исусово ветување треба да ни биде причина за радост и за прославување на нашиот небесен Отец? Исаија 41:10; Лука 12:32; 1 Петрово 4:13.**

---

„Бог не сака Неговиот народ да биде преоптоварен со грижи. Меѓутоа нашиот Господ не лаже. Тој не ни вели: 'Не бојте се, нема опасности на вашиот пат!' Тој знае дека постојат неволји и опасности и затоа со нас постапува отворено. Тој не се занимава со мислите дека својот народ ќе го извлече од овој свет полн со зла и гревови, туку го покажува најсигурното засолниште." — *Патот кон Христа, стр. 122.*

**б. Наведете уште некои прекрасни ветувања за мир и радост што ни ги дал Исус. Јован 14:1–3,27; 15:11; 16:20.**

---

---

„Судирот што е пред нас може да ни донесе само нови неволји, но на она што се случило во минатото како и на она што ќе се случи во иднината можеме да гледаме и да кажеме: 'До овде ни помогна Господ!' 'Додека траат твоите денови, ќе трае и твојата сила' (Второзаконие 33:25). Неволјите никогаш нема да ја надминат силата, која ни е дадена за да ја поднесеме неволјата. Затоа, да ги прифатиме своите должности таму каде што ќе ги најдеме, верувајќи дека без оглед на сето она што доаѓа, ќе добиеме доволно сила да ја поднесеме не- волјата.
Набргу, вратите на Небото ќе се отворат да ги примат Божјите деца, а од усните на Царот на славата, како најубава музика, ќе одекнат зборовите на благослов: 'Дојдете, благословени на мојот Отец; примете го царството што ви е приготвено од создавањето на светот!' (Матеј 25:34)...

Гледајќи го ова славно наследство, кое би можело да му припадне, 'каков откуп ќе даде човекот за својата душа?' (Матеј 16:26)... Душата откупена и исчистена од гревот, која сите свои благородни способности ги ставила во служба на Бога, има непроценлива вредност; и кога една душа ќе се спаси, радоста на Небото во присуство на Бога и светите ангели се изразува со песни на свето победоносно славење." — *Патот кон Христа, стр. 125.*

## ПРАШАЊА ЗА ЛИЧНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Петок, 25. септември

**1.На кој начин вистината ќе допре до сите луѓе — дури и до оние што не ја познаваат Библијата?**
**2.Како Бог ја покажува Својата неограничена љубов кон човечкиот род?**
**3.Што било извор на Исусовата сигурност додека се соочувал со страдања и смртта?**
**4.На што треба да се сетиме кога ќе се најдеме во искушенија?**
**Во секојдневниот живот, што секогаш треба да биде во мислите на верникот?**

# *Белешки*

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## ЈУЛИ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Среда | 2 Тим. 1:8-14. | Коп. на век. 521. | Ер. 16:1-5. |
| 2. | Четврток | Рим. 3:20-26. | Коп. на век. 522. | Ер. 16:5-8. |
| 3. | Петок | Рим. 4:20-25. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 4. | Сабота | Псалм 26:1-8. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 5. | Недела | Рим. 5:1-8. | Коп. на век. 523. | Ер. 16:10-12. |
| 6. | Понеделник | Рим. 5:9-14. | Коп. на век. 524. | Ер. 16:14-17. |
| 7. | Вторник | Рим. 6:12-16. | Коп. на век. 525. | Ер. 16:19-21. |
| 8. | Среда | Рим. 6:22,23. | Коп. на век. 526. | Ер. 17:1-5. |
| 9. | Четврток | Рим. 7:22-25. | Коп. на век. 527. | Ер. 17:7-9. |
| 10. | Петок | Рим. 8:1-5. | Сонцето заоѓа во 20 10 | |
| 11. | Сабота | Псалм 27:1-6. | Сонцето заоѓа во 20 09 | |
| 12. | Недела | Рим. 8:6-11. | Коп. на век. 528. | Ер. 17:10,11. |
| 13. | Понеделник | Рим. 8:14-19. | Коп. на век. 529. | Ер. 18:7-10. |
| 14. | Вторник | Рим. 8:26-32. | Коп. на век. 530. | Ер. 18:11-13. |
| 15. | Среда | Рим. 8:33-39. | Коп. на век. 532. | Ер. 18:18-20. |
| 16. | Четврток | Рим. 9:1-5. | Коп. на век. 533. | Ер. 19:3-5. |
| 17. | Петок | Рим. 9:23-29. | Сонцето заоѓа во 20 05 | |
| 18. | Сабота | Псалм 28:6-9. | Сонцето заоѓа во 20 05 | |
| 19. | Недела | Рим. 10:1-4. | Коп. на век. 534. | Ер. 20:1-6. |
| 20. | Понеделник | Рим. 10:9-15. | Коп. на век. 535. | Ер. 20:7-12. |
| 21. | Вторник | Рим. 11:1-5. | Коп. на век. 536. | Ер. 20:13-18. |
| 22. | Среда | Рим. 11:16-22. | Коп. на век. 537. | Ер. 21:1-7. |
| 23. | Четврток | Рим. 11:33-36. | Коп. на век. 538. | Ер. 21:8-14. |
| 24. | Петок | Рим. 12:1-3. | Сонцето заоѓа во 20 00 | |
| 25. | Сабота | Псалм 30:1-5. | Сонцето заоѓа во 19 59 | |
| 26. | Недела | Рим. 12:4-12. | Коп. на век. 539. | Ер. 23:11-14. |
| 27. | Понеделник | Рим. 12:13-17. | Коп. на век. 540. | Ер. 23:18-22. |
| 28. | Вторник | Рим. 12:18-21. | Коп. на век. 541. | Ер. 23:25-29. |
| 29. | Среда | Рим. 13:10-14. | Коп. на век. 542. | Езек. 7:1-4. |
| 30. | Четврток | Рим. 15:1-6. | Коп. на век. 543. | Ер. 25:29-38. |
| 31. | Петок | 2 Тим. 2:1-5. | Сонцето заоѓа во 19 53 | |

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

# АВГУСТ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сабота | 2 Тим. 2:11-16. | Сонцето заоѓа во 19 52 | |
| 2. | Недела | 1 Кор. 1:1-7. | Коп. на век. 544. | Ез. 7:5-9. |
| 3. | Понеделник | 1 Кор. 1:8-10. | Коп. на век. 545. | Ез. 7:10-12. |
| 4. | Вторник | 1 Кор. 1:18-24. | Коп. на век. 546. | Ез. 7:13-15. |
| 5. | Среда | 1 Кор. 1:26-31. | Коп. на век. 547. | Ер. 30:5-7. |
| 6. | Четврток | 1 Кор. 2:1-5. | Коп. на век. 548. | Ер. 30:10,11. |
| 7. | Петок | 1 Кор. 2:9-16. | Сонцето заоѓа во 19 44 | |
| 8. | Сабота | Псалм 32:1-8. | Сонцето заоѓа во 19 43 | |
| 9. | Недела | 1 Кор. 3:5-10. | Коп. на век. 549. | Ер. 30:21-24. |
| 10. | Понеделник | 1 Кор. 3:11-17. | Коп. на век. 550. | Ер. 31:1-4. |
| 11. | Вторник | 1 Кор. 4:1,2. | Коп. на век. 551. | Ер. 31:8-10. |
| 12. | Среда | 1 Кор. 4:11-16. | Коп. на век. 552. | Ер. 31:15-17. |
| 13. | Четврток | 1 Кор. 5:6-8. | Коп. на век. 553. | Ер. 31:23-25. |
| 14. | Петок | 1 Кор. 6:19,20. | Сонцето заоѓа во 19 35 | |
| 15. | Сабота | Псалм 33:1-10. | Сонцето заоѓа во 19 33 | |
| 16. | Недела | 1 Кор. 9:24-27. | Коп. на век. 554. | Ер. 31:29-33. |
| 17. | Понеделник | 1 Кор. 10:1-7. | Коп. на век. 555. | Ер. 31:34-37. |
| 18. | Вторник | 1 Кор. 10:9-13. | Коп. на век. 557. | Ер. 32:17-19. |
| 19. | Среда | 1 Кор. 10:31-33. | Коп. на век. 558. | Ер. 32:26,27. |
| 20. | Четврток | 1 Кор. 12:4-11. | Коп. на век. 559. | Ер. 32:37-40. |
| 21. | Петок | 1 Кор. 12:12-14. | Сонцето заоѓа во 19 24 | |
| 22. | Сабота | Псалм 33:11-22. | Сонцето заоѓа во 19 23 | |
| 23. | Недела | 1 Кор. 12:26-31. | Коп. на век. 560. | Ер. 33:1-3. |
| 24. | Понеделник | 1 Кор. 13:1-7. | Коп. на век. 561. | Ер. 33:6-9. |
| 25. | Вторник | 1 Кор. 13:8-13. | Коп. на век. 562. | Ер. 33:14-18. |
| 26. | Среда | 1 Кор. 15:3-9. | Коп. на век. 563. | Ер. 33:19-22. |
| 27. | Четврток | 1 Кор. 15:10-19. | Коп. на век. 564. | Ер. 35:1-6. |
| 28. | Петок | 1 Кор. 15:20-26. | Сонцето заоѓа во 19 13 | |
| 29. | Сабота | Псалм 34:1-8. | Сонцето заоѓа во 19 11 | |
| 30. | Недела | 1 Кор. 15:47-50. | Коп. на век. 565. | Ер. 35:7-10. |
| 31. | Понеделник | 2 Тим. 2:22-26. | Коп. на век. 566. | Пс. 119:71-76. |

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## СЕПТЕМВРИ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вторник | 2 Петр. 3:1-5. | Коп. на век. 567. | Пс. 119:89. |
| 2. | Среда | 2 Кор. 2:14-17. | Коп. на век. 568. | Ер. 36:1-7. |
| 3. | Четврток | 2 Кор. 4:3-7. | Коп. на век. 569. | Ер. 36:8-10. |
| 4. | Петок | 2 Кор. 4:8-12. | Сонцето заоѓа во 19 01 | |
| 5. | Сабота | Пс. 34:11:19. | Сонцето заоѓа во 19 00 | |
| 6. | Недела | 2 Кор. 4:17,18. | Коп. на век. 570. | Ер. 36:14-19. |
| 7. | Понеделник | 2 Кор. 5:1-5. | Коп. на век. 571. | Ер. 36:20-26. |
| 8. | Вторник | 2 Кор. 5:6-10. | Коп. на век. 572. | Ер. 36:27-32. |
| 9. | Среда | 2 Кор. 5:14,15. | Коп. на век. 573. | Ер. 37:6-10. |
| 10. | Четврток | 2 Кор. 5:17-21. | Коп. на век. 574 | Ер. 37:11-15. |
| 11. | Петок | 2 Кор. 6:14-18. | Сонцето заоѓа во 18 49 | |
| 12. | Сабота | Псалм 36:7-12. | Сонцето заоѓа во 18 48 | |
| 13. | Недела | 2 Кор. 7:9-11. | Коп. на век. 575. | Ер. 37:17-21. |
| 14. | Понеделник | 2 Кор. 8:9-12. | Коп. на век. 577. | Ер. 38:2-5. |
| 15. | Вторник | 2 Кор. 9:6-8. | Коп. на век. 578. | Ер. 38:7-10. |
| 16. | Среда | 2 Кор. 10:3-5. | Коп. на век. 579. | Ер. 38:11-13. |
| 17. | Четврток | 2 Кор. 11:13-15. | Коп. на век. 580. | Ер. 38:14-16. |
| 18. | Петок | 2 Кор. 11:22-27. | Сонцето заоѓа во 18 37 | |
| 19. | Сабота | Псалм 37:3-11. | Сонцето заоѓа во 18 35 | |
| 20. | Недела | 2 Кор. 12:1-6. | Коп. на век. 581. | Ер. 38:17-20. |
| 21. | Понеделник | 2 Кор. 12:7-10. | Коп. на век. 582. | Ер. 38:23-28. |
| 22. | Вторник | 2 Кор. 13:5-8. | Коп. на век. 583. | Ер. 39:4-7. |
| 23. | Среда | Гал. 1:1-8. | Коп. на век. 584. | Ер. 39:8-12. |
| 24. | Четврток | Гал. 2:19,20. | Коп. на век. 585. | Ер. 39:13,14. |
| 25. | Петок | Гал. 3:24-29. | Сонцето заоѓа во 18 25 | |
| 26. | Сабота | Пс. 37:37-40. | Сонцето заоѓа во 18 23 | |
| 27. | Недела | Гал. 4:4-7. | Коп. на век. 586. | Ер. 39:15-18. |
| 28. | Понеделник | Гал. 5:16-21. | Коп. на век. 587. | Ер. 40:2-5. |
| 29. | Вторник | Гал. 5:22-26. | Коп. на век. 588. | Ер. 40:9-12. |
| 30. | Среда | 2 Петр. 3:12-17. | Коп. на век. 589. | Пс. 119:92-97. |

# Дарови во првата сабота



## Сабота, 5. јули 2026.

### Проширување на црквата во Ченај, Индија

Да се обединиме во поддршка на завршувањето на изградбата на оваа црква во град со 12 милиони души! (види стр. 4).



## Сабота, 1. август 2026.

### Оддел за образование при Генералната конференција

Повикани сме да воспитуваме, воспитуваме и воспитуваме; а за тоа да го правиме успешно, потребни се финансиски средства. (види стр. 25).



## Сабота, 5. септември 2026.

### За школата за обука на библиски мисионери на Филипините

Да ја зајакнеме оваа школа за да стане сè она што Бог сака таа да биде. (види стр. 51).